ЦДХВ АД
Бр. 01-1061/1
09.03.22
Скопје

ЦЕНТРАЛЕН ДЕПОЗИТАР
ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА
## НА ЦЕНТРАЛЕН ДЕПОЗИТАР ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ АД СКОПЈЕ ЗА 2021 ГОДИНА

Март, 2022 година

Содржина

1. Вовед 3
2. Деловно окружување 4
3. Информации за извршувањето на основните функции на Депозитарот во 2021 година 5
4. Членки на Депозитарот 13
5. Активности во делот на информатичката технологија 16
6. Правни и нормативни активности 19
7. Меѓународна соработка 24
8. Други позначајни активности во текот на 2021 година 26
9. Примања на неизвршните членови на Одборот на директори на ЦДХВ АД Скопје 29
10. Остварени финансиски резултати во 2020 година 30
11. Прилог 1 38
12. Прилог 2 41

# 1. Вовед

Извештајот за работата на Централниот депозитар за хартии од вредност (Депозитар) во текот на 2021 година ги опфаќа условите на деловното окружување што имаа влијание на пазарот на хартии од вредност во Република Северна Македонија, активностите на Депозитарот и податоците од извршувањето на функциите на Депозитарот, како и статистички показатели од работењето на Депозитарот релевантни за пазарот на хартии од вредност во Република Северна Македонија.
Извештајот содржи и податоци за финансиското работење на Депозитарот и осврт на други околности согласно одредбите на Законот за трговски друштва за содржината на годишниот извештај за работата на друштвото.

Основите за работењето на Депозитарот се уредени со Законот за хартии од вредност во кој се предвидени основните функции кои ги извршува Депозитарот. Согласно член 32 од Законот за хартии од вредност, Депозитар на хартии од вредност ги извршува следните функции:

1. регистрирање на издавањето и преносот на хартиите од вредност во Република Северна Македонија како електронски запис (водење регистар на хартии од вредност);
2. давање меѓународен број за идентификација на хартиите од вредност (ИСИН) за сите емисии на хартии од вредност;
3. запишување на сопствениците на хартии од вредност;
4. порамнување на трговските трансакции според принципот „испорака наспроти плаќање“;
5. вршење на нетрговските преноси;
6. овозможување услови за позајмување на хартиите од вредност;
7. следење на финансиската состојба на неговите членки, со цел управување со ризикот поврзан со можно непорамнување на трговските трансакции и
8. вршење дополнителни услуги за издавачите на хартии од вредност.

Депозитарот во име на издавачите на хартии од вредност, може да ги врши следниве дополнителни услуги:

1. доставување на ажуриран список на сите постојни сопственици на хартии од вредност издадени од тој издавач и
2. вршење на други услуги во врска со издадените хартии од вредност како што се пресметка и исплата на дивиденда и/или камата, известување за собранија на акционерите и слично.

## 2. Деловно окружување

Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје како единствена институција во државата која извршува функции на водење на регистар на хартии од вредност и порамнување на трговски трансакции со хартии од вредност, во текот на 2021 година ги извршуваше своите законски надлежности на кои имаат влијание глобалните и домашните економски случувања. Како и во другите земји, така и кај нас големо влијание имаа последиците предизвикани од пандемијата на Covid-19 од чие закрепнување во втората половина на годината особено беа значајни порастот на цените на енергенсите и стапката на инфлација.

Според анализите на ММФ објавени во последниот квартал на 2021 година, продолжува глобалното економско закрепнување, иако пандемијата е се уште присутна. Пристапот до вакцини и навременото планирање и подршка кое го преземаа владите се карактеризирани како основни двигатели на враќањето кон нормалните економски текови. Проекциите за растот на глобалната економија е предвидено да пораснат за 5,9% во 2021 година и за 4,9% во 2022 година. Ваквите проекции се резултат на рефлектираното намалување кај развиените економии најмногу поради нарушените синџири на снабдување, а кај земјите во развој најмногу поради влошената динамика со пандемијата. Забрзаното ширење на делта сојот и заканата за нови варијанти на вирусот ја зголемија неизвесноста за тоа колку брзо може да се надмине пандемијата.

Глобалните економски текови кои и минатата година беа тешко погодени од здравствената криза се одразуваа индиректно и на финансиските пазари преку изразена непредвидливост и волатилност на цените на финансиските инструменти. Ваквите состојби влијаеа и на случувањата на Македонската берза, која од своја страна не е имуна на настаните на развиените пазари.

Депозитарот својата активност во 2021 ја остваруваше под влијание и на повеќе домашни фактори.

Согласно последните податоци на Народната банка на РСМ објавени во кварталниот извештај од ноември 2021 година, октомвриските макроекономски податоци упатуваат на значително закрепнување на домашната економија која забележа реален раст од 13,1% на годишна основа, по постојаниот годишен пад во претходните четири квартали под влијание на пандемијата на ковид-19. Високата стапка на раст во вториот квартал се должи пред сѐ на ниската споредбена основа од истиот период од минатата година, кога беа преземени строги мерки за спречување на ширењето на ковид-19. Сепак поволен ефект на растот имаше и стабилизирањето на епидемиолошката состојба и започнатата масовна имунизација, што поволно делуваа на довербата на економските субјекти во земјата во текот на вториот квартал. Притоа, најголемо влијание за растот на БДП имаат групата дејности „трговија, транспорт и угостителство“, коишто претходно беа најпогодени од здравствената и економската криза предизвикана од ковид-19, а солиден позитивен придонес има и индустријата поради поволните остварувања во преработувачката индустрија. Домашните потрошувачки цени во третиот квартал од 2021 година оствариja годишен раст од 3,5%, што во споредба со претходниот квартал претставува умерено забрзување на годишната стапка на инфлација. Проекциите за движењето на стапката на инфлација до крајот на 2021 се надолни односно се очекува намалување на стапката до 3,1% до крајот на 2021 година, додека за 2022 година очекувањата се во насока на уште поголемо стабилизирање – до 2,4%.

Што се однесува до пазарот на капитал, и покрај кризата, на Македонската берза изминатата година продолжија нагорните трендови од 2020 година. Вредноста на берзанскиот индекс за акции (МБИ-10) на крајот на годината изнесуваше 6.153,48 индексни поени. Од почетокот на годината, растот на МБИ-10 изнесува 30,79%. Вкупната пазарна капитализација на крајот од годината изнесува 223.887.377.263 денари, а остварениот промет изнесува 12.853.500.604 денари (раст од 56,84% во однос на 2020 година).

Состојбата на државните хартии од вредност на крајот на годината изнесуваше 146.495,43 милиони денари. Споредено со крајот на 2020 година, состојбата на државните хартии од вредност е повисока за 18.444 милиони денари и истото произлегува од зголемувањето на состојбата на државните обврзници за 17.676 милиони денари, како и зголемување на состојбата на државните записи за 767,75 милиони денари.

И во 2021, продолжи трендот на гаснење на акционерските друштва поради стечај, ликвидација или бришење од Централниот регистар, како и преобразби на акционерски друштва во други статусни форми, со што се намалува бројот на издавачи за кои Депозитарот евидентира податоци.

# 3. Информации за извршувањето на основните функции на Депозитарот во 2021 година

Детални показатели од извршувањето на основните функции на Депозитарот во 2021 година:

Хартии од вредност во системот на ЦДХВ, со состојба на ден 31.12.2021 година

| | Број на активни ИСИН-и | Издадена количина | Номинален капитал |
|---|---|---|---|
| Акции | 463 | 388.824.991 | 214.799.325.253 |
| Обврзници | 186 | 51.121.186 | 116.612.337.734 |
| Останати ХВ | 20 | 3.301.073 | 33.010.730.000 |

Сметки на имателi

Структура на сметки, по типови сметки, во системот на ЦДХВ со состојба на ден 31.12.2021 година

| Тип на сметка | Номинален капитал (МКД) 31.12.2021 | % промена во однос на претходната година | Број на сметки 31.12.2021 | % промена во однос на претходната година |
|---|---|---|---|---|
| Сопственичка сметка | 243.191.527.374 | 5,17 | 62.490 | -2,29 |
| Портфолио сметка | 146.335.431 | -1,69 | 120 | -13,67 |
| Застапничка сметка | 37.524.839 | -4,04 | 3 | -62,50 |
| Старателска сметка | 65.860.126.345 | 21,27 | 35 | -12,50 |
| Други сметки | 55.186.879.000 | -5,08 | 2.851 | -1,38 |

Структура на иматели

Структура на инвеститори според тип во системот на ЦДХВ со состојба на ден 31.12.2021 година

| Инвеститор | 31.12.2021 | 31.12.2020 | Процент на промена |
|---|---|---|---|
| Домашни физички лица | 60.841 | 62.209 | -2,20 |
| Домашни правни лица | 1.792 | 1.861 | -3,71 |
| Странски физички лица | 919 | 988 | -6,98 |
| Странски правни лица | 151 | 153 | -1,31 |

Утврдување и порамнување на трговски трансакции

*Утврдување и порамнување на трансакции склучени преку Берза*

Порамнети трансакции во 2021 година склучени на Македонската Берза АД Скопје, изразени во вредност на трансакциите во МКД, број на хартии од вредност и број на трансакции.

| МБХВ | Вредност 2021 година (МКД) | Вредност 2020 година (МКД) | Процент на промена |
|---|---|---|---|
| Вредност (МКД) | 12.851.748.361 | 8.199.553.421 | 56,74 |
| Количина ХВ | 20.850.713 | 2.817.220 | 640,12 |
| Број на трансакции | 20.639 | 22.689 | -9,04 |

Број на порамнети берзански трансакции склучени преку МБХВ во текот на 2021г. по членки – берзански посредници:




Од 01.07.2019г. започна новиот начин на порамнување, со што се овозможи членките-чувари да бидат учесници во порамнувањето во делот на паричните средства, на куповна и на продажна страна, за клиентите со кои склучиле договор за чување на хартии од вредност или договор за чување на имот за инвестициски или пензиски фондови.

На следниот графикон прикажан е број на порамнети берзански трансакции склучени преку МБХВ во текот на 2021г., по членки – чувари на имот (прикажаните вредности се дел од претходниот графикон каде е прикажан број на порамнети трансакции по членки – берзански посредници):




Вредност на порамнети берзански трансакции склучени преку МБХВ во текот на 2021г. по членки – берзански посредници:




На следниот графикон прикажани се вредностите на порамнети берзански трансакции склучени преку МБХВ во текот на 2021г., по членки – чувари на имот (прикажаните вредности се дел од претходниот графикон каде се прикажани вредностите на порамнетите трансакции по членки – берзански посредници):




*Порамнување на трансакции склучени на ОТЦ пазарот*

Во следната табела се прикажани податоци за порамнувањето на трансакции склучени на ОТЦ пазарот и порамнети во реално време.

| ОТЦ | Вредност 2021 година (МКД) | Вредност 2020 година (МКД) | Процент на промена |
|---|---|---|---|
| Вредност (МКД) | 5.376.140.372 | 4.096.577.644 | 31,23 |
| Количина ХВ | 535.810 | 408.995 | 31,01 |
| Број на трансакции | 25 | 23 | 8,70 |

Трансакциите на ОТЦ пазарот се реализирани преку 6 учесници на продажна страна и 6 учесници на куповна страна.

<u>Нетрговски преноси на хартии од вредност</u>

Податоци за спроведени нетрговски преноси во системот на ЦДХВ во текот на 2020 година по основ на подарок, наследство и судски одлуки:

| Основ | 2021 година | 2020 година | Процент на промена |
|---|---|---|---|
| Наследство | 1319 | 553 | 138,52 |
| Подарок | 290 | 262 | 10,69 |
| Судска одлука | 1 | 4 | -75,00 |

Спроведени корпоративни дејства во Депозитарот

Податоци за спроведени корпоративни активности на акционерски друштва-издавачи на хартии од вредност во системот на ЦДХВ во текот на 2021 година:

| **Активност** | **Број** |
|---|---:|
| Евидентирани нови акционерски друштва | 8 |
| Доделени нови ИСИН-и со основачки емисии | 8 |
| Нови емисии-акции на постоечки АД | 13 |
| Нови емисии-корпоративни обврзници на постоечки АД | - |
| Евидентиран стечај на АД | 7 |
| Евидентирана ликвидација на АД | 2 |
| Извршена преобразба на АД во друга форма на друштво | 2 |
| Извршено намалување на основна главнина кај АД | 2 |
| Поделба на акции | - |
| Останато | 8 |

Подетални информации за акционерските друштва кај кои во 2021 година се спроведени корпоративни активности се дадени во Прилогот 2 кон овој Извештај.

*Статусни промени спроведени преку Депозитарот*

На 19.07.2021г беше успешно реализирана статусната промена - присоединување на Охридска банка АД Скопје кон Шпаркасе Банка АД Скопје. Во рамките на присоединувањето беше регистрирана новата емисија на акции на Шпаркасе Банка АД Скопје, со која на имателите на акции на Охридска Банка им беа регистрирани акции на издавачот Шпаркасе Банка АД Скопје во сооднос од 1: 1.66. Во рамките на ова корпоративно дејство беше извршен и пренос на портфолиото на Охридска Банка на сметка на Шпаркасе Банка АД Скопје. На ден 19.07.2021 година, врз основа на поднесено соодветно барање и придружна документација, во Депозитарот беше регистрирана нова емисија на хартии од вредност издадени од Шпаркасе банка Македонија АД Скопје (банка што презема) и беа спроведени соодветни промени на сметките на хартии од вредност на акционерите на Охридска банка АД Скопје (банка што се присоединува). Со извршената статусна промена Охридска банка АД Скопје престана да постои по пат на бришење од Трговскиот регистар без нејзина ликвидација – присоединување кон Шпаркасе банка Македонија АД Скопје, а целокупниот имот и обврски преминуваат на Шпаркасе банка Македонија АД Скопје, во замена за акции од овој издавач. За таа цел, Депозитарот согласно доставената документација, изврши низа активности меѓу кои: регистрирање на новата емисија на хартии од вредност, со која од страна на Шпаркасе банка Македонија се издадени 1.054.681 обични акции со ISIN MKINBA101012 и номинална вредност од 2670 МКД по акција и истите ги дистрибуираше на вкупно 404 акционери кои се стекнаа со соодветен број на акции од новата емисија на обични акции издадени од Шпаркасе банка Македонија АД Скопје во замена за акциите издадени од Охридска банка АД Скопје. Како резултат на извршениот упис на статусната промена во Централниот регистар на РСМ, Депозитарот изврши повлекување на податоците од акционерската книга на Охридска банка АД Скопје во историската база на податоци.

*Исплата на дивиденда за акционерите на Окта АД Скопје*

Согласно член 32 став 2 од Законот за хартии од вредност, Депозитарот покрај основните функции, за издавачите на хартии од вредност може да врши и други дополнителни услуги во врска со издадените хартии од вредност како што се пресметка и исплата на дивиденда и/или камата. Значаен дел од активностите кои ги презеде Депозитарот во 2021ва година беа токму дополнителните услуги за кои беа преземани низа активности произлезени од склучениот Договор за меѓусебна соработка при спроведување на постапка за пресметка и исплата на дивиденда на акционерите на ОКТА АД Скопје и пресметка и исплата на соодветните даноци кон Управата за јавни приходи бр. 03-2830/1 од 29.06.2021 година.

Имено, Депозитарот во насока на исполнување на преземените обврски од Договорот, испрати допис и соодветно за таа намена креиран Образец, до вкупно 208 акционери на ОКТА АД-Скопје, за кои не поседуваше податоци за банковна сметка. Со дописот, акционерите беа повикани најдоцна до 16.07.2021г. да го пополнат и до Депозитарот да го достават Образецот, како и да приложат копија од лична карта/тековна состојба и картичка од трансакциска сметка на која сакаат да им бидат исплатени паричните средства по основ на дивидендата. На ден 26.07.2021 година Депозитарот изврши исплата на дивидендата на оние домашни и странски, физички и правни лица за кои веќе имаше податоци, или до предвидениот датум доби податоци на која банковна сметка да биде исплатена дивидендата.

За лицата/субјектите за кои Депозитарот по овој рок, а заклучно со 28.09.2021 година доби податоци за банковна сметка, исплатата на данокот и дивидендата ја изврши на 30.09.2021 година.

*Постапки за јавни понуди на хартии од вредност*

Во вториот квартал од 2021 година, склучен е Договор помеѓу СН Осигурителен брокер АД Битола и Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје за меѓусебна соработка во постапка на јавна понуда на хартии од вредност – издавање на долгорочни должнички хартии од вредност по пат на јавна понуда – I-ва емисија на корпоративни обврзници. Последен датум на запишување по јавната понуда е 26.02.2022г.

Во истиот квартал склучен е Договор помеѓу Интерпромет АД Тетово и Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје за меѓусебна соработка во постапка на јавна понуда на хартии од вредност – продажба на сопствени акции, бр. 08-2305/1 од 25.05.2021 година. Со Решение на Комисијата за хартии од вредност на РСМ УП1 број 10-67 од 22.06.2021 година дадено е одобрение за продажба на сопствени акции по пат на јавна понуда – 2686 обични акции. Со оглед на тоа што до утврдениот краен рок – 20.07.2021 година не е извршена продажба по пат на јавна понуда на 2686 сопствени акции, кои беа предмет на оваа постапка за јавна понуда до Депозитарот доставено е известување за неуспешност на јавната понуда.

Во текот на 2021 година Депозитарот и издавачот АДИНГ АД Скопје склучија Договор за меѓусебна соработка во постапка на јавна понуда на сопствени акции издадени од АДИНГ АД Скопје број 03-3037/1 од 13.07.2021 година. Од страна на издавачот до Депозитарот е доставено известување за запишани и платени хартии од вредност – сопствени акции, согласно кое на 04.08.2021 година од понудените 2000 сопствени акции, продадени се сите хартии од вредност, за износ од 1.398.000,00 денари. Постапката е во целост завршена на ден 05.08.2021 година, кога во Депозитарот е спроведен пренос на 2000 обични акции со ISIN MKADIN101010 и

номинална вредност од 9.98 ЕУР по акција, на сметките на купувачите, а на сметката на издавачот е пренесен износот од продажбата на предметните сопствени акции.

*Постапки за преземање на акционерски друштва во ЦДХВ*

Врз основа на склучен Договор помеѓу Либерти Холдко Галати & Скопје Лимитед од Лондон, Обединето Кралство и Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје за меѓусебна соработка во постапка на преземање на акционерското друштво Либерти АД Скопје, бр. 03-3773/4 од 27.11.2020 година, заклучно со 25.01.2021 година, во Депозитарот во целост е спроведена постапката на преземање на ЛИБЕРТИ АД Скопје од страна на преземачот Либерти Холдко Галати & Скопје Лимитед од Лондон, Обединето Кралство. Целосно беа спроведени исплати кон акционерите кои ја прифатија понудата за откуп на нивните акции од страна на понудувачот, согласно доставените изјави од страна на Инвест брокер АД Скопје. На сметката на преземачот беа пренесени 16.614 обични акции, што претставува 0,0504% од вкупниот број на обични акции издадени од друштвото.

Заклучно со 31.03.2021 година, во Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје, во целост е спроведена постапката на преземање на Скопски пазар АД Скопје од страна на преземачите ЗСФ-КОМ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје и Современ дом АД Прилеп. Во целост беа спроведени исплати кон акционерите кои ја прифатија понудата за откуп на нивните акции од страна на понудувачите, согласно доставените изјави од страна на Комерцијална банка АД Скопје. На сметките на преземачите беа пренесени вкупно 21.224 обични акции, од кои согласно Договорот за заедничко дејствување склучен помеѓу преземачите на ден 12.01.2021 година, на сметката на преземачот ЗСФ-КОМ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје се пренесени 11.347 обични акции, а на сметката на преземачот Современ дом АД Прилеп се пренесени 9.877 обични акции, што претставува 29,9195% од вкупниот број на обични акции издадени од друштвото Скопски пазар АД Скопје.

Во четвртиот квартал од 2021 година Депозитарот со две физички лица – полски државјани, склучи Договор за вршење услуги во постапката за преземање на Тајмиште АД Кичево 08-4315/1 од 03.11.2021 година. Постапката не се спроведе имајќи предвид дека Комисијата за хартии од вредност на РСМ донесе Решение за одбивање на барањето за издавање дозвола за понуда за преземање УП1 10-145 од 30.11.2021 година, поради необезбедување односно недепонирање на парични средства или банкарска гаранција пред давањето понуда за преземње, неизготвување на Проспектот во согласност со закон и неважност на склучениот Договор со овластениот депозитар во постапката за преземање.

*Овозможување на право на увид во акционерска книга*

Согласно одредбите на Законот за трговските друштва, Депозитарот им овозможува на заинтересираните акционери увид во акционерските книги кај друштвата кај кои

поседуваат акции и/или издавање копија од акционерска книга. По тој основ, во 2021 година во Депозитарот се спроведени следните активности:

| | |
|---|---|
| Извршен увид во акционерска книга | 23 |
| Подигната копија од акционерска книга | 39 |

Активности во врска со државни хартии од вредност

Депозитарот ја има улогата на Регистар на државните хартии од вредност, чиј издавач е Министерството за финансии на Република Северна Македонија. Во табелата која следи се прикажани податоци за активностите на примарниот пазар на државни хартии од вредност во текот на 2021 година:

| | **број на емисии во 2021 година** | **износ (МКД)** | **број на емисии во 2020 година** | **износ (МКД)** |
|---|---|---|---|---|
| **Нови емисии на државни хартии од вредност** | | | | |
| 3 месечни записи | - | - | 1 | 600 000 000 |
| 6 месечни записи | - | - | 2 | 3 850 000 000 |
| 12 месечни записи | 20 | 33 010 730 000 | 16 | 32 242 980 000 |
| Државни обврзници | 17 | 22 355 690 000 | 20 | 28 927 490 000 |
| **Вкупно** | **37** | **55 366 420 000** | **39** | **65 620 470 000** |
| **Достасувања на државни хартии од вредност** | | | | |
| 3 месечни записи | - | - | 1 | 600 000 000 |
| 6 месечни записи | - | - | 2 | 3 850 000 000 |
| 12 месечни записи | 16 | 32 242 980 000 | 17 | 33 070 040 000 |
| Државни обврзници | 6 | 4 679 370 000 | 8 | 6 589 340 000 |
| **Вкупно** | **22** | 36 922 350 000 | **28** | **44 109 380 000** |
| **Пресметки на купони од државни обврзници** | | | | |
| Државни обврзници | 160 | 2 826 710 609 | **148** | **2 395 674 040** |

Во текот на 2021г, се запишани вкупно седуманесет државни обврзници од кои според рочноста, се запишани една двегодишна, три тригодишни, една петгодишна, две седумгодишни и десет државни обврзници со рочност од петнаесет години. Четири од регистрираните обврзници се со девизна клаузула, а останатите тринаесет се без девизна клаузула.

Во доменот на регистрирањето и водењето на обврзници чиј издавач е Министерството за финансии на Република Северна Македонија, се извршени повеќе активности.

- Извршена е пресметка на рати и камати по основ на Обврзници за денационализација од десетта до деветнаесетта емисија. Истовремено целосно е доспеана десетата емисија на обврзници за денационализација.

- На крајот на првиот квартал беше извршена пресметка на главницата на Обврзницата за надоместување на селективни кредити. Истата трабаше да достаса на 01.04.2020 година, но поради новонастанатата ситуација со COVID-19 и вонредната состојба, Владата на РСМ на 27.03.2020 донесе Уредба со законска сила бр. 44-2598/1 со која датумот на отплата на главницата се помести за една година, односно на 01.04.2021.
- На 11.02.2021г е издадена Обврзница за денационализација Деветнаесетта емисија во износ од 11.500.000 EUR. Обврзницата е дистрибуирана на сметките на 670 физички лица и на 17 верски објекти. По регистрирањето на обврзницата, имателите се известени со доставување на Изводи од сметки на адресите регистрирани во системот на депозитарот.
- На 04.08.2021г е издадена Обврзница за денационализација Дваесетта емисија во износ од 8.000.000 EUR. Обврзницата е дистрибуирана на сметките на 464 физички лица и на 5 верски објекти. По регистрирањето на обврзницата, имателите се известени со доставување на Изводи од сметки на адресите регистрирани во системот на депозитарот.

# 4. Членки на Депозитарот

Членки-берзански посредници

Во текот на 2021 година, во Депозитарот членуваат 10 членки-берзански посредници, од кои 5 се банки, а останатите 5 членки се брокерски куќи.

| | Код на учесник | Назив | 01.01.2021 | 31.12.2021 |
|---|---|---|---|---|
| 1 | ЕХ | ЕУРОХАУС АД СКОПЈЕ | √ | √ |
| 2 | ИЛ | ИЛИРИКА ИНВЕСТМЕНТС АД СКОПЈЕ | √ | √ |
| 3 | ИН | ИНОВО БРОКЕР АД СКОПЈЕ | √ | √ |
| 4 | КБ | КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА АД СКОПЈЕ | √ | √ |
| 5 | МИ | ИНВЕСТ БРОКЕР АД | √ | √ |
| 6 | СБ | СТОПАНСКА БАНКА А.Д. СКОПЈЕ | √ | √ |
| 7 | ТК | ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ | √ | √ |
| 8 | ТН | НЛБ ТУТУНСКА БАНКА АД СКОПЈЕ | √ | √ |
| 9 | ФР | ФЕРШПЕД-БРОКЕР АД СКОПЈЕ | √ | √ |
| 10 | СП | ШПАРКАСЕ БАНКА МАКЕДОНИЈА АД СКОПЈЕ | √ | √ |

Контрола на членките-берзански посредници

Во текот на месец декември 2021 година извршена е контрола на работењето на следните членки на Депозитарот: Шпаркасе банка Македонија АД Скопје, Еурохаус АД Скопје и Илирика Инвестментс АД Скопје.

Основен критериум за утврдувањето на членките кои беа предмет на контрола беше членката да не била контролирана последните три години со цел со контролите да

бидат опфатени најмалку три членки-берзански посредници. Меѓутоа, со оглед дека во периодот од 2018-2020та година, предмет на контрола на Депозитарот биле сите членки, освен Шпаркасе банка Македонија АД Скопје, при изборот на останатите две членки беше земен во предвид и дополнителен критериум „Вкупен број на порамнети трансакции од продажна и куповна страна во период од 01.01.2021-23.11.2021 " и беа опфатени членките Илирика инвестментс АД Скопје и Еурохаус АД Скопје.

Контролата е извршена вонтеренски, имајќи ја предвид состојбата во државата, предвизвикана од пандемијата на вирусот COVID-19, од страна на тим составен од еден правник и еден вработен еден вработен во Депозитарот со познавања од областа на информатичка технологија. Предмет на контролата беше: увид во овластувањата за увид и резервација на хартии од вредност од клиентите на членката и нивното чување, уредноста на внесот на овластувањата за увид и резервација од клиентите во системот на Депозитарот, како и уредноста на документацијата за отворање на сопственички сметки. Согласно изготвените Записници од извршената контрола, кај ниту една од членките не се утврдени неправилности во поглед на предметот на извршената контрола.

ОТЦ-членки

На почетокот во 2021 година, во Депозитарот членуваат 13 ОТЦ членки. На крајот од 2021 година, во Депозитарот членуваат 12 ОТЦ членки, поради присоединување на Охридска банка АД Скопје кон Шпаркасе Македонија АД Скопје:

| | **Назив** | **01.01.2021** | **31.12.2021** |
|---|---|---|---|
| 1 | ТТК АД Скопје. | √ | √ |
| 2 | Силк Роуд банка АД Скопје. | √ | √ |
| 3 | Капитал банка АД Скопје. | √ | √ |
| 4 | Охридска банка АД Скопје. | √ | x |
| 5 | Универзална инвестициона банка АД Скопје | √ | √ |
| 6 | НЛБ Банка АД Скопје | √ | √ |
| 7 | Про Кредит банка АД Скопје. | √ | √ |
| 8 | Халк банка АД Скопје. | √ | √ |
| 9 | Централна кооперативна банка АД Скопје. | √ | √ |
| 10 | Комерцијална банка АД Скопје | √ | √ |
| 11 | Стопанска банка АД Битола. | √ | √ |
| 12 | Стопанска банка АД Скопје | √ | √ |
| 13 | Шпаркасе банка Македонија АД Скопје | √ | √ |

Членки-Чувари

Во текот на 2021 година во Депозитарот се евидентирани 4 членки-чувари чиј статус остана непроменет во текот на целата 2021 година.

| | Назив | 01.01.2021 | 31.12.2021 |
|---|---|---|---|
| 1. | Комерцијална банка АД Скопје | √ | √ |
| 2. | Стопанска банка АД Битола. | √ | √ |
| 3. | Шпаркасе банка Македонија АД Скопје | √ | √ |
| 4. | НЛБ Банка АД Скопје | √ | √ |

## 5. Активности во делот на информатичката технологија

Покрај основните активности кои беа извршувани во ЦДХВ во делот на информатичката технологија, а кои значеа одржување на функционалноста на системите на Депозитарот за извршување на неговите основни функции уредени со Законот за хартии од вредност и Правилата на Депозитарот, во текот на 2021 година беа преземени и следните активности:

***Анализа за потребите и можностите за надградба или набавка на нов систем на Депозитарот***

Во текот на 2021г. се продолжени времено одложените активности околу Анализата за потребите и можностите за надградба или набавка на нов систем на Депозитарот. Продолжена е комуникацијата со потенцијалните добавувачи на готов софтвер кој се користи од страна на словенечкиот депозитар. Депозитарот достави прашалник до сопствениците на лиценците на софтверот, во кој беа опфатени најважните теми од интерес: генерални информации и опфат на системот, прашања од регулаторен аспект, ИТ процеси и организација, технолошки, регистарски и процеси на порамнување на трансакциите, моделите на членство, корпоративни дејства и останати прашања. За целите на дискусија околу поставените прашања, беа одржани онлајн состаноци со претставници од компаниите – сопственици на лиценците на понудениот софтвер. Од нивна страна беше доставен Нацрт на договор кој дополнително беше анализиран од страна на депозитарот.

Дополнително како дел од активностите во врска со претстоечката надградба на системот на депозититарот, во последниот квартал 2021г. беше финализирано Барањето за информација кое беше доставено до четири домашни ИТ компании кои работат на прилагодување на т.н. legacy софтвери кон најновите технологии. Барањето за информација содржеше опис на постоечкиот систем, генерален опис на пректот за надградба, технички барања, нови функционалности и потребни квалификации на понудувачот. Ниту една од 4-те компании не достави одговор по однос на Барањето. Целта на Барањето за информација беше да се анализира заинтересираноста на локалните компании за надградба на софтвер со сложени и специфични функционалности како оној на Депозитарот, како и да се добие реална слика за цената на таквата услуга.

***Disaster Recovery локација на Депозитарот и спроведени тестирања***

Во третиот квартал 2021год. Депозитарот изврши успешно тестирање на Плановите за обезбедување непрекинатост на работните процеси поврзани со ЦДХВ АД Скопје во услови на кризна ситуација, кога нивното спроведување треба да се извршува од резервната локација на Депозитарот.

Во тестот учествуваа вкупно 17 учесници: Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје, Македонска берза на хартии од вредност АД Скопје, Народна банка на Република Северна Македонија и 10 Членки на ЦДХВ – берзански посредници и 4 Членки на ЦДХВ – чувари на имот.

Тестирањето се изведе на 09.07.2021 година од 15:00 до 16:00 часот, а за негово успешно спроведување беа испратени известувања до сите учесници како што е

документот Постапка за тестирање на Плановите за обезбедување непрекинатост на работните процеси поврзани со ЦДХВ АД Скопје во кој е даден опис на тестот, целите, претпоставките, подготвителните активности, контакт податоци на учесниците во тестирањето, како и детални инструкции за тестирањето на системот на ЦДХВ АД Скопје.

Резултатите од тестирањето беа разгледани на евалуациски состанок организиран од страна на ЦДХВ на 12.07.2021 година и при тоа секој учесник во тестирањето беше задолжен да изготви извештај за резултатите од тестирањето и да го достави до ЦДХВ. Согласно добиените резултати изготвен е записник каде е констатирано дека тестирањето на функционалностите беше успешно и се одвиваше непречено. Како дел од тестирањето беше направена и проверка на протокот и достапноста на комуникациските линкови на учесниците со резервната локацијата на ЦДХВ. Поврзувањето се одвиваше без никаков проблем.

Во текот на 2021 година редовно се спроведувани квартални тестирања на функционалностите на системот на Депозитарот на Disaster Recovery локацијата. Овие тестирања се изведуваа во рамките на интерниот систем на Депозитарот, при што се подигнаа виртуелните машини во Disaster Recovery околина и се вршеше тестирање на примарните оперативни процеси. Согласно добиените резултати изготвени се записници при што во сите поедични тестирања констатирано е дека тестирањето на функционалностите беше успешно и се одвиваше непречено. Како Disaster Recovery решение Депозитарот ја користи т.н. услуга DRaaS-Z која претставува решение базирано на Zerto технологија, за репликација на виртуелни машини од on-premise инфраструктура на Депозитарот во дедициран виртуелен дата-центар на компанијата Неоком АД Скопје. Услугата овозможува RPO (Recovery point objective) во секунди и минути, наместо во часови и денови. Сите сегменти на решението можат да се управуваат од страна на Депозитарот, при што е обезбедена целосна контрола, како и увид во заштитата, односно RPO. Главните предности на DRaaS-Z се помали трошоци во однос на другите решенија, непрекината репликација, независноста од хардверската опрема на Депозитарот како и автоматизацијата на сите софтверски процеси.

### *Обуки и следење на нови технологии*

Како дел од редовното следење на новите технологии и постојаното професионално надградување на вработените од ИТ дирекцијата, беше земено учество на дводневениот „онлајн“ семинар на тема „Управување со развој на софтвери – тестирање и пуштање во продукција“ организиран од страна на Стопанската комора на Македонија. Во рамки на семинарот беше разгледан конкретен развој на нови или измена на постоечки софтверски решенија. Беа разработени процеси кои се важни како што се процесот на управување со измените (развој), тестирање и пуштање во продукција. Накратко беше анализирана врската помеѓу овие процеси со други значајни ИТ процеси како што се управување со настани, инцидентни, проблеми итн. Во делот на професионално усовршување на вработените во развивањето на нови софтверски апликации, и тоа како Депозитарот да ги имплементира овие развојни техники во надградба на постојните апликации, во третиот квартал вработен од ИТ дирекцијата посетуваше онлине обука на тема Developing ASP.NET Core MVC Web Applications.

***Одржување на хардверска и мрежна опрема и комуникациски линии***

Во текот на годината спроведени се редовните годишни одржувања и тестирања на исправноста и функционалноста на сите хардверски уреди примарно дедицирани за одржување на систем салата на Депозитарот како и операторските простории согласно договорите склучени со надворешните компании.

Вршени се редовни квартални тестирања на редундантноста на линиите за примарно и бекап поврзување на ЦДХВ со Платните системи во НБРМ.

***Активности во врска со интегрирањето на ИТ центрите на МБХВ и ЦДХВ***

Во насока на преземање на неопходните активности за спроведување на Договорот за стратегиска соработка во областа на информатичката технологија и човечки ресурси во организационите единици за информатичка технологија на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје и Македонската берза на хартии од вредност АД Скопје од 27.03.2018 година, во првиот квартал 2021г. беа активирани гаранциите за хардверските уреди Fujitsu Server, Fujitsu Storage и Fujitsu Monitor за 2 години за потребите на Депозитарот и Македонската берза. Постапката за набавка на овие гаранции беше започната кон крајот на 2020.година.

***Останати развојни активности***

Согласно Договорот за меѓусебна соработка при спроведување на постапка за пресметка и исплата на дивиденда на акционерите на Окта АД Скопје за 2020 год. и пресметка и исплата на соодветните даноци кон Управата за јавни приходи, во Дирекцијата за Информатичка технологија развиени се процедури за пресметка на дивиденда и данок и процедури за автоматско генерирање на Swift пораки за нивна исплата како и процедури за автоматско генерирање на известувања до акционерите кои до рокот на исплатата не доставиле информации за трансакциските сметки за исплата на паричните средства.

За потребите на новиот Информатички Систем за Супервизија и Известување-ИССИ на Комисијата за хартии, а согласно Правилникот за задолжителна содржина, форма и рокови за доставување на извештаите за работењето на овластените учесници, берзи и депозитари донесен од КХВ, развиени се процедури за автоматско генерирање на месечните извештаи за порамнување и за работењето на депозитарот, како и на полугодишни и годишни извештаи за работа на Депозитарот, а исто така разработена е и постапка за нивно прикачување на Порталот.

Во функција на усогласување со начелата, вредностите и правилата за заштита на личните податоци предвидени во новиот Закон за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20), Депозитарот превзеде соодветни активности за подобрување, надградба и прилагодување на информатичка инфраструктура и софтверските апликации на својот веќе воспоставен систем за заштита на личните податоци согласно овој закон, а посебно од аспект на применливоста на техничка и интегрирана заштита на личните податоци.

# 6. Правни и нормативни активности

***Учество во работни групи за изготовка на легислатива***

*Закон за финансиски инструменти*

Целата 2021ра година беше одбележана со активното учество на Депозитарот во работните групи формирани заради изработка на два клучни закони од сферата на пазарите за финансиски инструменти: Законот за финансиски инстументи и Законот за проспекти и обврски за транспарентност на издавачите. Работните групи продолжија со работа на законите, при што работната група за Законот за проспекти и обврски за транспарентност на издавачите заврши со второто читање на Законот и негово усогласување со Директивите 2003/71/ЕС, 2017/1129/ЕЦ (Директиви за проспект) и 2004/109/ЕЦ, 2013/50/EU (Директиви за трансапрентност) на Европската комисија и со постоечкиот Закон за хартии од вредност, при тоа следејќи ги искуствата во имплементацијата на прописите од оваа област во земјите од регионот.

По однос на Законот за финансиски инструменти, работната подгрупа која ја сочинуваат вработени во Комисијата за хартии од вредност и Депозитарот одржаа неколку состаноци со цел изработка на нова глава во Законот која ќе се однесува на закрепнување и санација на депозитар за хартии од вредност. Од страна на Депозитарот беше изготвено и образложение на делот од законот кој се однесува на функционирањето на Депозитарот и истото беше доставено до Министерството за финансии, заради негово интегрирање во текстот на образложението на законот.

*Закон за трговските друштва*

Во втората половина од 2021 година претставници од Депозитарот учествуваа на неколку работни состаноци кои се одржаа онлајн на - ИПА Проект (IPA/2020/420-364) „Зајакнување на внатрешниот пазар / Компонента 3 - Право на трговските друштва“ Усогласување на националното законодавство со најновото законодавство на Европската Унија, Поглавје 6 на ЕУ законодавство. На состаноците учество земаа претставници од повеќе институции (потесна работна група) како дел од работната група формирана од Министерството за економија, а од страна на ангажираниот експерт, беше презентирана целта на проектот – новелација, или донесување на нов закон за трговските друштва преку транспонирање на ЕУ законодавството поврзано со правото на трговски друштва, како и вклучување на предлог иницијативите за нормирање на одредени решенија предложени од бизнис заедницата, стопанските комори и сл.

Како што беше побарано на првиот состанок од учесниците, секој во својата објаст, да се произнесат за нивото на транспонирање на ЕУ законодавството поврзано со правото на трговски друштва, од страна на ЦДХВ беше укажано на степенот на усогласеност со ЕУ директивите и регулативите кои се веќе предмет на уредување во предлог Законот за финансиски инструменти и предлог Законот за проспекти и обврски за транспарентност за издавачите кои се во надлежност на Министерството за финансии. Од друга страна, ЦДХВ ја акцентираше значајноста на Директивата 2017/828 ЕЦ, попозната во јавноста како Shareholders rights directive 2 (SRD 2), заедно со имплементирачката регулатива 2018/1212 која е во примена во ЕУ од 03.09.2020 година, а особено измената во поглед на акционерските права и идентификација на акционерите од страна на издавачите за остварување на истите

(член 3-а од Директивата), како и искуството од имплементацијата на оваа директива, која бара сериозни технички и регулаторни измени во работата на европските централни депозитари за хартии од вредност. Истакнато беше дека моделот на сегрегација на сметките на хартии од вредност во ЦДХВ е претежно на ниво на вистински сопственик (beneficial owner), а за збирните сметки потребна е дополнителна идентификација од страна на посредниците, во овој случај - членките-чувари (банки).

*Закон за финансиски колатерал*

Во текот на 2021г, претставници од депозитарот присуствуваа на онлајн работилницата во врска со Директивата за аранжмани за финанасиски колатерал (2002/47/EC, и измени и дополни 2009/44/EC и 2014/59/EU) и компаративна анализа со Законот за финансиско обезбедување (2008) и Закон за финансиско обезбедување на Република Србија (2018). Работилницата претставуваше подготовка и запознавање на засегнатите страни со иницијативата за донесување нов Закон за финансиско обезбедување, при чија примена депозитарот би имал важна улога како инфраструктура при реализација на аранжманите, а особено за реализација на аранжманите на финансиското обезбедување кои вклучуваат пренос на сопственост на финансиски инструменти.

Претставници од депозитарот присуствуваа и на онлајн работилниците на кои беа презентирани првата и втората Драфт верзија на законот за финансиско обезбедување која е усогласена со Директивата за аранжмани за финанасиски колатерал (2002/47/EC, и измени и дополни 2009/44/EC и 2014/59/EU). Депозитарот достави и свои коментари кон Драфт верзиите на законот а особено во однос на корелацијата на Законот за финансиско обезбедување и Законот за договорен залог како и дефинирањето на содржината на Мастер договорот со кој би било уредено финансиското обезбедување со пренос на сопственост или со евиденција на право на финансиско обезбедување. Коментарите особено се однесуваа и на вклучување на носителите на законите и консултација со Министерството за правда заради усогласување на овие два закони.

***Ревидирање на Тарифата на ЦДХВ АД Скопје***

Втората половина на 2021 година беше одбележана со интензивирање на активностите на Депозитарот со анализа за потребите и можностите за зголемување на дел од надоместоците кои ги наплаќа Депозитарот. Основните причини за зголемувањето на дел од надоместоците се плановите за надградба на системот согласно Технолошката стратегија на Депозитарот, воведувањето на софтверско решение за поврзување на овластени лица и институции со Депозитарот, порастот на Индексот на трошоци на живот и Индексот на продажните цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар, компаративни анализи за поединечни надоместоци кои ги наплатуваат депозитарите од регионот и менување на пристапот на институцијата при креирање на надоместоците со потенцирање на потребата од зголемување на стапката на профит. Анализата која ќе продолжи и во 2022ра година особено се однесува на остварените приходи и расходи во текот на изминатите години, бројот на клиенти издавачи на хартии од вредност, бројот на сметки за хартии од вредност кои се одржуваат, порастот на статистичките показатели и структурата на приходите на депозитарите од регионот.

Целта на анализите е претходно усогласување со Комисијата за хартии од вредност пред формализирање на измените.

***Интерни акти за регулирање на процесите во Депозитарот***

*Усогласување со начелата, вредностите и правилата за заштита на личните податоци предвидени во новиот Закон за заштита на личните податоци*

Во функција на усогласување со начелата, вредностите и правилата за заштита на личните податоци предвидени во новиот Закон за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20), во текот на 2021ва година, Депозитарот ги интензивираше активностите за подобрување, надградба и прилагодување на својот воспоставен систем за заштита на личните податоци.
Процесот на усогласување со Законот започна со длабинска анализа на постојниот систем за заштита на личните податоци во корелација со одредбите од Законот за заштита на личните податоци кои се применливи на операциите на собирање, обработка и чување на личните податоци, што на крајот резултираше со изготовка на *Гап анализа за имплементација на Законот за заштита на личните податоци во деловните процеси на ЦДХВ АД Скопје, со прилог Акциски план* со предвидени активности и мерки по приоритет, како и динамика за постигнување на соодветна усогласеност со одредбите од Законот за заштита на личните податоци.
Истовремено со изготовката на *Гап анализата*, беше извршено каталошко идентификување на сите збирки на лични податоци сублимирано во *Каталог на лични податоци кои ги обработува Депозитарот* и воедно беше направена *Анализа на ризиците на процесите во Депозитарот во коишто се обработуваат личните податоци*.
Врз основа на овие документирани процеси, Одборот на директори, на седницата одржана на 12.08.2021 година, во рамките на законски предвидениот рок за усогласување со Законот (24.08.2021 година), донесе *Политика за системот за заштита на личните податоци на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје*. Донесувањето на нова Политика произлегува од новиот Закон за заштита на личните податоци и е обемна со цел да се надмине досегашниот пристап на носење на повеќе акти од страна на Одборот на директори, што понатаму го усложнуваше процесот при идни измени. Воедно, целокупната материја сублимирана во еден акт го олеснува и информирањето на вработените за начинот на постапување при обработка со личните податоци.

Во рамките на овој процес на усогласување, извршниот директор на Депозитарот донесе и три политики, и тоа:

- *Политика за приватност на субјектите на лични податоци кои се иматели на хартии од вредност* којашто ги утврдува општите правила за обработката на личните податоци на имателите на хартиите од вредност кои се евидентирани во системот на Депозитарот.
- *Политика за приватност на субјектите на лични податоци кои не се иматели на хартии од вредност* којашто ги утврдува општите правила за обработката на личните податоци согласно важечките прописи за заштита на личните податоци на субјектите коишто не се иматели на хартиите од вредност.
- *Политика за колачиња* со оглед дека веб страницата www.cdhv.mk користи колачиња со цел подобрување на корисничко искуство и следење на посетите на веб страната.

Воедно, извршниот директор донесе и одлуки за начинот на определување на обемот на пристап на вработените до различните збирки на лични податоци утврдени во *Каталог на лични податоци кои ги обработува Депозитарот.*

*Инструкција за начинот, формата, роковите и одговорните лица за доставување на извештаите за работење на Депозитарот до Комисијата за хартии од вредност*

Во првиот квартал на 2021ра година донесена е Инструкцијата врз основа на Правилникот на Комисијата за хартии од вредност за задолжителна содржина, форма и рокови за доставување на извештаите за работењето на овластените учесници, берзи и депозитари („Службен весник на РСМ“ бр.273/2020), кој во делот за Депозитар отпочна да се применува од 1ви Март 2021 година. Инструкцијата е донесена со цел поедноставување на примената на Правилникот во делот кој се однесува на Депозитарот и содржи податоци за лицата кои се задолжени за доставување на конретните финансиските и нефинансиските извештаи, како и роковите во кои истите се доставуваат до Комисијата.

*Упатство за потребна документација за отворање на сметки за хартии од вредност и ажурирање на податоци на сметки од страна на Депозитарот*

Во третиот квартал од 2021 година Депозитарот донесе Упатство со кое пропишана е документацијата која е потребна за отворање на сите видови на сметки за хартии од вредност во Депозитарот, лицата кои се задолжени за отворање на сметките, начинот, постапката и формата за доставување на документацијата за отворање на нови сметки во Депозитарот, како и документацијата потребна за ажурирање на податоците на сметките за хартии од вредност. Составен дел на Упатството се Обрасците за отворање на различни типови на сметки, како и Апликациите за идентификација/ажурирање на клиент (физичко и правно лице).

*План за континуитет во работењето на Депозитарот*

Во текот на 2021ра година е усвоен новиот План за континуитет на работата на депозитарот. Имено Планот за континуитет на работењето (ПКР) се заснова на прописите од областа на заштитата на лични податоци, а согласно член 22 - Сигурносни копии и повторно враќање на зачуваните лични податоци (обезбедување континуитет) од Правилникот за безбедност на обработката на лични податоци („Службен весник на РСМ“ бр. 122/2020), како и усогласување на депозитарот со Европската регулатива за депозитари (ЕЦ 909/2014), дополнителната Регулатива (ЕЦ 392/2017) за регулаторните технички стандарди за авторизација, супервизија и оперативни барања за централните депозитари и Принципите за инфраструктурни организации на финансиските пазари *(CPMI-IOSCO Principles for financial market infrastructures*).

***Стратегијата за развој на финансиските пазари со посебен фокус на пазарот на капитал во Република Северна Македонија***

Втората половина од 2021 година беше одбележана со интензивирање на активностите на на Советот за развој на пазарот на капитал при Министерството за финансии на РСМ, на кои учествуваше извршната директорка на Депозитарот. Советот од оваа година функционира во нов состав согласно Одлука за формирање на Советот за развој на пазарот на капитал („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.36/2021). На седниците беше дискутирана подготовката на Стратегија за либерализација и развој на финансиските пазари, со посебен фокус на пазарот на капитал и потребата од законско уредување на криптовалутите.

Во последниот квартал на 2021 год. формираните работни групи во кои претставник имаше и Депозитарот работеа на Нацрт Стратегијата за развој на финансиските пазари со посебен фокус на пазарот на капитал во Република Северна Македонија. По доставување на нацрт верзијата до претставниците на сите институции кои членуваат во Советот за развој на пазарот на капитал при Министерството за финансии на РСМ за нивни сугестии, Стратегијата беше усвоена на седница на Советот која се одржа на 27.12.2021 година. Комисијата за хартии од вредност во соработка со Министерството за финансии ќе бидат главен носители за спроведување на мерките и активностите утврдени во Стратегијата.

***Известувања до Комисијата за хартии од вредност на РМ***

Во текот на 2021 година, Депозитарот редовно и навремено ги доставуваше до КХВ со закон и со правилници пропишаните известувања:

- Известувања за стекнати повеќе од 5% на хартии од вредност издадени од акционерско друштво со посебни обврски за известување и котирани акционерски друштва
- Известувања за новоиздадени хартии од вредност
- Месечени извештаи за работењето на ЦДХВ АД Скопје
- Известувања во однос на уписи, бришења и ажурирања на Регистарот на акционерски друштва со посебни обврски за известување

Воедно, во повеќе наврати, Депозитарот на барање на КХВ доставуваше податоци за евидентирани состојби во неговиот систем.

***Активности во врска со одржани акционерски собранија и промени во составот на Одборот на директори***

На 25.05.2021 година, беше одржано редовно 27-мо акционерско собрание на акционерите на ЦДХВ АД Скопје. Имајќи ја предвид состојбата со КОВИД 19, собранието се одржа по пат на физичко присуство, но беше дадена можност и за гласање по пат на писмена коресподенција. На седницата присуствуваа: претседавачот, извршниот директор, нотар, бројач на гласови и преставници од 5те најголемите акционери. Сите предложени одлуки беа едногласно донесени 70,13 % од вкупно издадените 6000 акции со право на глас. На одржаната седница, Собранието во рамките на своите надлежности, во согласност со Законот за хартии од вредност, Законот за трговски друштва и Статутот на ЦДХВ, одлучуваше и ги одобри/усвои следните материјали:

1. Извештај за работата на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје за 2020 година.

2. Извештај за работата на Одборот на директори на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје за 2020 година, колективно и од аспект на поединечни членови,
3. Годишна сметка на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје за 2020 година.
4. Финансиски извештаи на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје за 2020 година, ревидирани од овластено ревизорско друштво со Извештај од овластен ревизор за ревизијата на финансиските извештаи за 2019 година и Извештај од неизвршните членови на Одборот на директори за резултати од извршената контрола.
5. Предлог Одлука за распоредување на нето добивката оставарена по годишната сметка за 2020 година.
6. Предлог Одлука за назначување овластен ревизор за ревизија на Финансиските извештаи на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје за 2021 година.
7. Програма за работа на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје за 2021 година.
8. Годишен извештај за работењето на одделението за внатрешна ревизија на ЦДХВ АД Скопје за 2020 година.
9. Известување за поднесена оставка на член на Одборот на директори на ЦДХВ АД Скопје.
10. Предлог Одлука за избор на неизвршен член на Одборот на директори на ЦДХВ АД Скопје.

## 7. Меѓународна соработка

- На 17.06.2021 во Франкфурт, Германија се оддржа Генералното собрание на ANNA. Собранието се оддржа во вонредни услови со физичко присуство на само еден претставник на членките на ANNA - WERTPAPIER-MITTEILUNGEN Keppler, Lehmann GmbH & Co. KG (WM Datenservice) на кој претходно 79 членки на ANNA, меѓу кои и ЦДХВ АД Скопје, му дадоа полномошно за учество на собранието што претставува 83,3% од сите членки и со што беа исполнети условите за кворум. На собранието беше усвоена Годишната сметка за 2020, беа примени во членство нови членки, беа усвоени измените на Насоките за доделување на ИСИН кодови и беше презентирана новата организациска поставеност на ANNA како усогласување со Белгиските закони.
- На 19. Март 2021 во Брисел се оддржа Вонредното Генерално собрание на ECSDA по виртуелен пат. На собранието од страна на депозитарот учествуваше Извршниот директор на депозитарот, а беше одобрено прифаќањето во членство на една членка, беа прифатени назначувања и разрешувања на членови на Бордот на директори, и беше разгледан ревидираниот буџет на ECSDA за 2021 година. Од страна на Бордот на директори беа разгледани и предлог измените на Статутот на ECSDA.
- На 19.05.2021 се оддржа редовното Генерално собрание на ECSDA. Депозитарот учествуваше во работата на собранието кое се оддржа преку користење на електронска платформа заради вонредните услови предизвикани од кризата со COVID-19. На собранието беше одобрена Годишната сметка за 2020, беше назначен нов Претседател на Бордот на директори, беше одобрен предлог буџетот за 2022 и беше презентирана работата на работните групи на ECSDA за изминатиот период.
- На 18.09.2021г беше пуштен во продукција и новиот сајт на ANNA service bureau кој е опериран од CUSIP Global Services (USA) and SIX Financial Information (CH). Претходно, во март 2021 вработен во депозитарот го следеше вебинарот во организација на ANNA, на кој беше презентиран новиот сајт.

- Во рамките на одбележувањето на 20-годишниот јубилеј на депозитарот, на 07.10.2021 беше потпишан Меморандум за соработка со Хрватскиот депозитар - SKDD – Sredisnje klirinsko depozitarno drustvo.
- Претставници на депозитарот na 15.11.2021 го следеа вебинарот организиран од страна на ECSDA на тема ESG – Environmental, social and corporate governance а на 18.11.2021 ја следеа работилницата на IOSCO за принципите за пазарните инфраструктури за примената на stablecoins во порамнувањето на трговските трансакции.
- На 23.11.2021г се оддржа вонредното Генерално собрание на ECSDA. Претставник на депозитарот учествуваше во работата на собранието кое се оддржа преку користење на електронска платформа заради вонредните услови предизвикани од кризата со COVID-19. На собранието непосредно присуствуваа претставници на 27 членки, а 11 членки беа застапени преку свои полномошници од редот на присутните членки. На собранието беше исклучена една членка, а кај 5 членки е усвоена промената на трговското име (членките од Италија, Данска, Португалија, Норвешка и Обединетото Кралство). Беа разгледани и ревидираните буџети за 2021 и 2022. По затворањето на собранието, продолжи состанокот на Одборот на директори, каде беа презентирани активностите на работните групи на ECSDA а на состанокот свои презенатаци имаа и високи претставници на ESMA (Европскиот регулатор за хартии од вредност) и DG FISMA (Генерален директорат за финансиска стабилност на Европската Комисија).
- На 02.12.2021 во Франкфурт, Германија се оддржа Вонредното Генерално собрание на ANNA. Собранието се оддржа во вонредни услови со физичко присуство на само еден претставник на членките на ANNA - WERTPAPIER-MITTEILUNGEN Keppler, Lehmann GmbH & Co. KG (WM Datenservice) на кој претходно 78 членки на ANNA, меѓу кои и ЦДХВ АД Скопје, му дадоа полномошно за учество на собранието што претставува 80,6% од сите членки и со што беа исполнети условите за кворум. На собранието беа усвоени следните резолуции: усвоен е Финансискиот план за 2022; беше одобрена Политиката за пресметка на надоместокот на патните трошоци за состаноците на одборот на ANNA, а Политиката ќе се ревидира секоја година; беа примени три полноправни членки и една членка-партнер; беа усвоени новите насоки за доделување на ИСИН кодовите во согласност со осмото издание на ИСО 6166 и беше договорен датумот и местото на следното Годишно собрание на ANNA – од 01.06-03.06.2022 во Брисел, доколку условите тоа го дозволат.
- Како и изминатите години, ECSDA прибира статистички податоци на годишно ниво за европските депозитари со истовремено дистрибуирање на податоците за светската книга на факти за депозитарите. Депозитарот достави статистички податоци за 2020 година за управувањето, членството, приходите, финансиските инструменти и сметките на хартии од вредност, корпоративните дејства и останатите услуги.
- Во текот на 2021г, од страна на ECSDA континуирано беа испраќани информации во врска со работата на работните групи за усогласеност, за порамнување, за корпоративни дејства, за политики, за технологии со што беше овозможено тековно следење на активностите на останатите депозитари – членки на ECSDA.
- И оваа година, Депозитарот беше дел од проектот на Асоцијацијата на глобални старатели – AGC за прибирање на информации од депозитарите. Прашалникот беше испратен преку платформата WFC Single Disclosure Report 2021-2022.
- Во текот на 2021г, депозитарот продолжи со редовните активности на секојдневно доставување на податоци во врска со емисиите на хартии од вредност до ANNA. Во текот на годината беа испратени четири мастер фајлови коиј ги содржат податоците за сите регистрирани емисии во депозитарот како и податоци за индексите MBI10,

OMB, SEELINX и SEELINX EWI.  Почнувајќи од 2021г, фрекфенцијата на доставување на мастер фајлови е променета од годишна на квартална основа.

- Во текот на 2021г, беше остварена комуникација со Thomas Murrey и беше извршено ревидирање на податоците за проценка на ризиците кај Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје. Инаку, Thomas Murrey изработува и одржува проценка на ризици кај депозитарите во повеќе од 140 пазари во светот, преку непосредни контакти со локалните пазарни учесници, преку јавно достапни податоци и директно од самите депозитари.  Овие извештаи понатаму им се достапни на клиентите: инвестициските фондови, глобалните институционални инвеститори и глобалните старатели заради донесување на информирани одлуки за нивните инвестиции.

## 8. Други позначајни активности во текот на 2021 година

- На почетокот на 2021 година беше реализирана обврската на Депозитарот за доставување на акционерските книги во електронска форма на Акционерските друштва. Беа испратени 183 акционерски книги (по ИСИН број), до 179 акционерски друштва.  Не беа доставени акционерски книги до 64 издавачи кои не ги намириле обврските по основ на годишен надомест за водење на издадените хартии од вредност за претходната година, до 9 издавачи за кои е утврден пасивен статус на издавач, како и до 215 издавачи кои склучиле Договор за пристап на Порталот за инвеститори и издавачи, преку кој имале бесплатен пристап до акционерските книги со состојба на ден 31.12.2020г.
- Вработени од депозитарот на 21.01.2021г присуствуваа на on-line конференцијата за литванското искуство за надзор над инфраструктура на финансиски пазари, во организација на НБРСМ во  соработка со Банката на Литванија во рамки на ЕУ твининг проект.
- Во рамките на одбележување на 20 годишнината од основањето на Централен депозитар за хартии од вредност, во референтниот квартал беа доделени плакети за посебен придонес во развој на институцијата на КХВ, Народната банка, Македонската берза, Министерството за финансии, акционерите, како и благодарници и јубилејна награда на вработените во Депозитарот кои 20 години придонесуваат за неговиот раст и развој. Од промотивен аспект, беше изработено видео за претставување на сите членови во органите на управување и надзор, нов визуелен идентитет на интернет страната на Депозитарот и социјалните мрежи, како и меморандумите за кореспонденција, беа доставени дописи до издавачите, објавени колумни и интервјуа во неколку економски медиуми со цел да се промовира важноста од функционирањето на Депозитарот и други промотивни активности на социјалните медиуми.
- Во текот на месец февруари, а согласно претходно донесена Одлука на Одборот на директори, Депозитарот склучи Анекс на Договор за вршење на ревизорски услуги за извршување на функцијата на внатрешна ревизија во ЦДХВ АД Скопје, со надворешниот соработник, со што соработката се продолжи за период од уште една година.
- На 25.05.2021 година, беше одржано редовно акционерско собрание на акционерите на ЦДХВ АД Скопје. Имајќи предвид дека истото се одржуваше во услови на пандемија, беше овозможено гласање и по пат на писмена коресподенција. Сите предложени одлуки беа едногласно донесени, по што од страна на стручните служби беа спроведени сите активности за задолжително известување согласно актуелните законски прописи.

- На 13.09.2021год. се одржа „Инвеститорскиот ден“, поддржан од Депозитарот. Определени транскации се тргуваа по повластени услови, односно на тој ден на тргување на Берзата сите домашни физички лица можеа да тргуваат со акции на сите пазарни сегменти без трансакциски трошоци што ги наплатуваат овластените пазарни институции и учесници. Поконкретно, на „Инвеститорскиот ден“, сите домашни физички лица можеа да купат или продадат кои било акции без да ги платат провизиите кон Берзата, ЦДХВ и овластените пазарни учесници (банки и брокерски куќи) што беа вклучени во иницијативата. За таа цел, од страна на Депозитарот беа испрограмирани и имплементирани потребните измени на клиентската апликација како и бекофис апликацијата на берзанските учесници за автоматско преземање на провизиите за овие повластени трансакции. Исто така беа испратени и потребните информации до Македонската берза за генерирање на берзанските провизии, како и анализа на статистичките податоци за успешноста на одржувањето на „Инвеститорскиот ден“. Како резултат на оваа иницијатива се случија вкупно 262 трансакции што е најголем број на трансакции на дневно ниво во текот на третиот квартал 2021г. Просечниот дневен број на трансакции изнесува 85 трансакции.
- Во декември 2021 година, Одборот на директори на ЦДХВ АД Скопје донесе Одлука за донација на Јавната установа Доем за доенчиња и мали деца во Битола, во износ од 1.000 евра во денарска противвредност. Донацијата се спроведе по пат на обезбедување на средства за нега и чување на доенчиња и мали деца набавени од страна на ЦДХВ АД Скопје, а согласно потребите на установата.
- Во текот на 2021 година е продолжена соработката со Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Република Северна Македонија. Во текот на годината не е спроведена ниту една јавна берзанска аукција со акции и удели во сопственост на ФПИОСМ.
- Во врска со мерката Создавање инфраструктурни услови за зголемени инвестиции на нерезидентите на домашните финансиски пазари од Стратегијата за денаризација, до НБРСМ беше доставена информација за досегашните и идните активности и можноста за нивна реализација во текот на 2021г, а во вонредни услови предизвикани од пандемијата на COVID-19.
- Во линија со планираните промени за воведување на стандардот ISO20022 како примарен стандард за форматот на пораките во мрежата SWIFT во ноември 2022 година, како и миграцијата на платниот систем TARGET 2 на овој стандард со хармонизацијата на сервисите Т2 на Евросистемот, Народната банка на Република Северна Македонија подготви нов предлог Стандард за намената и форматот на пораките во МИПС по стандардот ISO20022. Вработени од депозитарот на 24.02.2021г присуствуваа на онлајн презентацијата на предлог Стандардот за намената и форматот на пораките во МИПС по стандардот ISO20022.
- Во текот на март 2021, депозитарот изврши промоција на улогата на Агент при посредувањето во издавањето на LEI код преку KDD – Centralna klirinško depotna družba d.d. од Република Словенија како издавач на кодот, согласно склучен договор помеѓу овие две институции.
- На 12.05.2021 вработени во Депозитарот присуствуваа на on-line обуката за примена на новиот Закон за заштита на лични податоци кој стапи на сила на 24.08.2021г. На обуката беа разгледувани клучните теми и предизвици во примена на Законот за заштита на лични податоци, обврските на контролорот, мерките за заштита на податоците и беа презентирани повеќе практични примери.
- Во организација на Комитетот MONEYVAL при Советот на Европа и Управата за финансиско разузнавање како контакт точка за комуникација со Комитетот Moneyval, на 14-ти и 15-ти Октомври 2021 г. се одржа онлајн работилница, наменета за Република Северна Македонија и Романија за активности поврзани со почетокот на Петтиот круг на евалуација на целокупниот систем за спречување перење пари и

финансирање на тероризам, кој започнува со т.н „Country training“. На онлајн работилницата учесниците беа информирани за процесот на евалуација кој ќе следи, обврските, најдобриот начин на обезбедување на податоци и информации со цел на сеопфатно и реално прикажување на примената на законските одредби, односно ефикасноста на РСМ, како и ефектите и последиците од оваа евалуација, со цел успешна подготовка на РСМ за понатамошните чекори од процесот на 5-от Круг на Евалуација од страна на Комитетот Moneyval при Советот на Европа.

- Претставник на Депозитарот, во февруари оваа година преку е-платформа, учествуваше на семинарот: Developing Capital Markets (advanced capital markets in the context of new regulations: MIFID II, Market Abuse, options, warrants, futures, forwards, swaps, structured products), организирана во рамките на соработката во областа на банкарството меѓу Министерството за финансии на РСМ и Министерството за финансии на Кралството Луксембург)
- Претставник од Депозитарот учествуваше на Вебинар на тема „Креирање на правните прописи со фокус на транспонирање на законодавството на Европската унија во националното законодавство“. На овој онлајн семинар, од страна на државен советник во Секретаријатот за законодавство беа презентирани правните акти на Европската унија, основните принципи и нивното правно дејство и важноста на правилната примена на постапките и инструментите во процесот на усогласување на националното законодавство со овие правни акти
- Од страна на Комисијата за хартии од вредност на РСМ беа организирани презентации на Информатичкиот систем за супервизија и известување (ИСИС) на кои учествуваа вработени од Депозитарот кои се задолжени за доставување на извештаи до Комисијата, пропишани со Правилникот за задолжителна содржина, форма и рокови за доставување на извештаите за работењето на овластените учесници, берзи и депозитари. На презентациите појаснети беа деталите околу процесот на подготовка и поднесување на податоците од работењето на Депозитарт, во форма на финансиски и нефинансиски известувања
- Согласно Годишниот план за внатрешна ревизија, од страна на лицето задолжено за внатрешна ревизија, извршени се четири внатрешни и изготвени се ревизорски Извештаи за:
  - Процес на отворање на старателски сметки,
  - Ревизија на системот на внатрешни контроли на работењето со готовински средства во благајната
  - Ревизија на постапката за доделување на ИСИН броеви. и
  - Ревизија на следење на препораки од претходни ревизии

Изготвени се Полугодишен и Годишен извештај за извршените ревизии.

- На 16-17.09.2021г, вработени во депозитарот присуствуваа на on-line обуката на темите: Национална стратегија за финансиска писменост и финансиска инклузија во Република Северна Македонија: Координирани напори за зајакнување на финансиската писменост во Република Северна Македонија *и* Дигитални финансиски услуги: ризици и можности за потрошувачите и улогата на финансиската едукација  Обуката беше организирана од страна на Народната банка на Република Северна Македонија и на истата се дискутираше за  улогата на приватниот и граѓанскиот сектор во финансиската едукација и беше промовиран Кодексот за добри практики за финансиска едукација а беа  споделени и  искуствата на Холандија и ОЕЦД за дигиталните финансиски услуги и за финансиската едукација.
- Во текот на 2021г. Депозитарот постапуваше по барања за информации доставувани од Комисијата за хартии од вредност, Управата за јавни приходи, Агенцијата за финансиско разузнавање, Министерството за внатрешни работи, судови, Основното Јавно обвинителство, и други институции. Доставувани се одговори на барања и на поединци и акционерски друштва.

## 9. Примања на неизвршните членови на Одборот на директори на ЦДХВ АД Скопје

Одборот на Директори на ЦДХВ АД Скопје, на 31.12.2021 година, го сочинуваат следните неизвршни членови наведени во овој табеларен преглед:

| Име и презиме | Работодавец / Дејност | Членство во органи на управување на други трговски друштва |
|---|---|---|
| 1. Гордана Дамеска | Шпаркасе банка Македонија АД Скопје<br>Дејност: Финансиско посредништво и банки | ЦДХВ АД Скопје, Претседател на Одбор на директори |
| 2. Соња Бојаџиевска Угриновска | Комерцијална Банка АД Скопје<br>Дејност: Финансиско посредништво и банки | ЦДХВ АД Скопје, неизвршен член на Одбор на директори |
| 3. Бобан Гоговски | ТТК Банка АД Скопје<br>Дејност: Финансиско посредништво и банки | ➢ АД ТЕАЛ Тетово неизвршен член на Одбор на директори<br>➢ ЦДХВ АД Скопје, неизвршен член на Одбор на директори |
| 4. Проф. др. Ѓорѓи Гоцков | УКИМ - Економски факултет<br>Дејност: Високо образование и научно-истражувачка работа | ЦДХВ АД Скопје-неизвршен, независен член на Одбор на директори |
| 5. Љубица Јанчевска Димитровска | НЛБ Банка АД Скопје<br>Дејност: Финансиско посредништво и банки | ЦДХВ АД Скопје, неизвршен член на Одбор на директори |
| 6. Ирена Николовска | Дејност: Консултантство | ЦДХВ АД Скопје-неизвршен, независен член на Одбор на директори |
| 7. Маргица Порчу | Македонска берза АД Скопје<br>Дејност:Други финансиско-услужни дејности | ЦДХВ АД Скопје-неизвршен, независен член на Одбор на директори |

Годишните примања за 2021 година на наведените членови на Одборот на директори на ЦДХВ се следните редоследно според табеларниот преглед во нето износ:1. 1.405.435 денари плата, надоместоци од плата и бонуси, 42.150,00 денари дополнителни примања; 2. 1.852.638 денари плата и надоместоци од плата; 3. 1.617.600 денари плата и надоместоци од плата, 180.000 денари надоместоци за членство во други одбори; 4. 719.984 денари плата и 501.046 денари други права (авторски хонорар); 5. 1.800.000 денари нето плата, 150.378 денари варијабилен дел, 23.411 денари осигурување и 158.948 денари други права; 6. 148.982 денари плата, надоместоци на плата и 253.517 денари други права.

По основ на членство во Одборот на директори на Депозитарот на сите неизвршни членови им се исплатува месечен надомест во нето износ од 15.000 денари.

Во 2021 година, поради успешно завршена деловна година, а согласно *Одлуката за исплата на награда на неизвршни членови на Одбор на директори на Собранието*

*на акционери, одржано на 22-05-2019 година*, исплатена е награда во износ од 4 месечни паушали.
Извршниот директор не членува во органи на управување на други друштва и податоците за неговите примања се дадени во глава 10 од овој Извештај.

## 10. Остварени финансиски резултати во 2020 година

Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје во деловната 2021 година оствари **вкупни приходи** во износ од **53,988 милиони денари.** Во однос на минатата година реализираните вкупни приходи остварени во 2021 година покажуваат зголемување од 9,362 милиони денари или за 21% во 2021 година во однос на 2020 година. Во вкупните реализирани приходи во деловната 2021 година се вклучени приходите од донации-амортизација 559 илјади денари добиени од страна на Европска Банка за обнова и развој (ЕБРД) за Проектот "Имплементација на дистрибутивниот систем-Портал на услуги на Депозитарот". Зголемувањето на реализацијата на вкупните приходи во 2021 година во однос на 2020 година, е резултат на зголемена реализација на вкупните реализирани приходи од порамнување, приходи од надомест за иницијален пристап во системот на ЦДХВ, приходи од упис на нови емисии на хартии од вредност, приходи од годишниот надомест за водење на евиденција на ДХВ, приходи од правни и физички лица за извршени услуги по Тарифа на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје, како и приходи од извршени увиди и подигнати копии од акционерски книги.

### Приходи

Вкупните приходи од камати изнесуваат 567 илјади и претставуваат 1,05% од вкупните приходи. Во вкупните приходи од камати се приходите од камати на орочени депозити, приходи од камати на депозити повидување, приход-принос остварен од продажба на удели во парични фондови. Намалената реализација на вкупните приходи од камати во деловната 2021 година во однос на 2020 година, е во делот на приходната ставка реализирани приходи по основ на камати од орочени денарски и девизни депозити поради намалувањето на каматните стапки од страна на Банките. Вкупните приходи од камати покажуваат намалување од 114 илјади или процентуален пад од 17% во 2021 година во однос на 2020 година. Во однос на планираната годишна проекција остварените приходи по основ на камати на депозити, приходи од камати на депозити повидување, приход-принос остварен од продажба на удели во парични фондови, покажуваат намалување од 33 илјади денари или процентуален пад од 6% во однос на планираната проекција. На 31.12.2021 година Депозитарот има денарски депозити орочени на 6(шест) до 12(дванаесет) месеци во износ од 88,000 милиони денари, девизен депозит во износ од 36 илјади Евра односно 2,218 милиони денари орочен на 12(дванаесет) месеци.
Вкупните приходи по основ на провизии и надоместоци за 2021 година изнесуваат 52,345 милиони денари и претставуваат 97% во структурата на вкупните приходи. Вкупните приходи по основ на провизии и надоместоци покажуваат зголемување од 9,661 милиони денари или процентуален раст од 23% во деловната 2021 во однос на 2020 година. Во однос на финансискиот план за 2021 година, приходите од провизии и надоместоци покажуваат зголемување за 8,051 милиони денари или процентуален раст од 18% во однос на планираната годишна проекција за 2021 година.

Подетално подолу се презентирани сите видови приходи поединечно:

- Остварените приходи од членките на Депозитарот по основ на нивната годишна членарина за 2021 година изнесуваат 815 илјади денари. Во вкупните приходи, овие

приходи учествуваат со 1,51%. Реализацијата на приходите по овој основ покажува намалување од 296 илјади денари или 27% процентуален пад во деловната 2021 година во однос на 2020 година. Намалувањето на приходите по овој основ главно се должи на помал исфактуриран надомест за пристап за членство, заради поголеми реализирани приходи по основ на порамнување на трансакции со акции и обврзници на овластена берза. Во рамките на планираната проекција приходите по основ на годишна членарина покажуваат намалување од 245 илјади денари или процентуален пад од 23% во однос на планираната проекција.

- Остварените приходи по основ на порамнување на трансакции реализирани на овластена берза во 2021 година изнесуваат 25,996 милиони денари. Во вкупните приходи учествуваат со 48,15%. Приходите по основ на порамнувањето на акции и обврзници на овластената берза го носат најголемото учество во структура на вкупните реализирани приходи од членките. Остварените приходи по основ на порамнувањето со акциите и обврзниците на овластена берза покажуваат зголемување од 9,382 милиони денари  или процентен пораст од 56% во 2021 година во однос на 2020 година и зголемување од 8,666 илјади денари или процентен раст од 50% во 2021 година во однос годишната планирана проекција за 2021 година.

- Остварените приходи по основ на иницијален пристап во системот на Депозитарот за издавач на хартии од вредност изнесуваат 128 илјади денари. Учеството на овие приходи во вкупните приходи изнесува 0,24%. Кај остварените приходи по основ на иницијален пристап на друштвата во системот на Депозитарот е забележано зголемување од 16 илјади денари, или процентуален раст од 14% во 2021 година во однос на 2020 година.

- Остварените приходи по основ на годишна евиденција за акции, како и годишен надомест за водење на сметки на сопствениците на акции во 2021 година изнесуваат 13,461 милиони денари. Во вкупните приходи овие приходи учествуваат со 24,93% Приходите по овој основ покажуваат намалена реализација од 401 илјади денари или процентуален пад од 3% во деловната 2021 во однос на 2020 година. Реализираните приходи по основ на годишна евиденција за акции покажуваат реализација од 96% во 2021 година, т.е намалување од 597 илјади денари или процентуален пад од 4% во однос на планираната годишна проекција за 2021 година.

- Остварените приходи по основ на годишен надомест за водење на евиденција на должнички долгорочни хартии од вредност со кои се тргува и не се тргува на пазарот, како и годишен надомест за водење на сметки на сопствениците на должнички долгорочни хартии од вредност изнесуваат 2,256 милиони денари. Приходите по овој основ учествуваат во вкупните приходи со 4,18%. Остварените приходи по основ на годишен надомест за водење на евиденција на должнички долгорочни хартии од вредност со кои се тргува и не се тргува на пазарот, како и годишен надомест за водење на сметки на сопствениците на должнички долгорочни хартии од вредност се зголемени за 47 илјади денари или процентуален раст од 2% во деловната 2021 година во однос на 2020 година. Реализираните приходи по овој основ покажуваат зголемување од 36 илјади денари или процентуален пораст од 2% во деловната 2021 година во однос на годишната планирана проекција во 2021 година.

- Остварените приходи по основ на упис на нови емисии на хартии од вредност во 2021 година изнесуваат 1,424 милиони денари. Во вкупните приходи истите учествуваат со 2,64%. Остварените приходи по основ на упис на нови емисии реализирани во износ од 1,424 милиони денари, претставува зголемување на приходите по овој основ од 192 илјади денари, или процентуален раст од 16% во 2021 година во однос на 2020 година. Во поглед на планираната годишна проекција , остварените приходи по основ на уписи на нови емисии на хартии од вредност во деловната 2021 година покажуваат

зголемување од 160 илјади денари или процентен раст од 13% во однос на годишната планирана проекција за 2021 година. Зголемувањето на приходите по основ на уписи на нови емисии на долгорочни хартии од вредност главно се должи на зголемениот број на издадени емисии во 2021 година споредено со 2020 година.

- Остварените приходи од правни лица за извршени услуги по Тарифа на Депозитарот по основ на регистрација на подароци на хартии од вредност, нетрговски преноси, услуги за преземање на АД, стандардни извештаи, акционерски книги во печатена форма и магнетен медиум, изводи, потврди за иматели на хартии од вредност, доставување на податоци до институции, корпоративни дејства, приходи од извештаи генерирани преку порталот и слично во 2021 година изнесуваат 6,817 милиони денари. Во вкупните приходи истите учествуваат со 12,63%. Овие приходи, покажуваат намалување од 184 илјади денари или процентуален пад од 3% во 2021 година во споредба со реализираните во 2020 година и намалување од 683 илјади денари или процентуален пад од 9% во 2021 година во однос на годишната планирана проекција за 2021 година.

- Остварените приходи од физички лица за извршени услуги по основ на нетрговски преноси, акционерски книги, изводи и слично изнесуваат 1,291 милиони денари. Во вкупните приходи истите учествуваат со 2,39%. Во однос на минатата година, во која се реализирани приходи по услуги по Тарифа на физички лица од 447 илјади денари, остварените приходи по овој основ се зголемени за 844 илјади денари, или бележат раст од 189% во 2021 година во однос на 2020 година. Во поглед на планираната годишна проекција, остварените приходи по основ на приходите од услуги на физичките лица по Тарифа на Депозитарот се зголемени за 691 илјади денари или процентуален пораст од 115% во 2021 година во однос на 2020 година.

- Остварените приходи по основ на увиди и копии од акционерски книги изнесуваат 156 илјади денари. Во вкупните приходи истите учествуваат со 0,29%. Остварените приходи по основ на увид и копии во акционерските книги се зголемени за 61 илјади денари, или бележат процентуален раст од 64% во 2021 година спрема 2020 година. Во поглед на планираната годишна проекција, остварените приходи по основ увиди и копии во акционерски книги покажуваат зголемување од 6 илјади денари или процентуален раст од 4% во однос на планот. Зголемувањето на приходите од услуги по Тарифа на физичките лица е пред се поради зголемениот интерес од страна на акционерите за увиди и копии во акционерските книги на акционерските друштва.

- Остварените останати приходи од дејност во 2021 година изнесуваат 1,077 милиони денари. Вкупните останати приходи од дејност учествуваат со 1,99% во вкупните приходи. Во вкупните останати приходи од дејност се приходи од донации-амортизација за материјални и нематеријални вложувања добиени од страна на Европска Банка за обнова и развој (ЕБРД) за Проектот "Имплементација на дистрибутивниот систем-Портал на услуги на Депозитарот", приходите по основ на позитивни курсни разлики, наплатени отпишани побарувања, наплатени провизии за услуги, приходи од поврат на полиса за менаџерско осигурување, како и други наплатени приходи. Остварените останати приходи од дејност во износот од 1,077 милиони денари покажуваат намалување од 183 илјади денари или процентуален пад од 15% во 2021 година во однос на 2020 година. Во однос на планираната проекција останатите приходи од дејност покажуваат намалување од 232 илјади денари или процентуален пад од 18%. Истовремено, приходите по основ на донации добиени од ЕБРД, се и расходи.

## Расходи

Вкупните расходи остварени во деловната 2021 година изнесуваат **41.251 милиони денари**, што претставува зголемување на вкупните реализирани расходи од 4.637

милиони денари или за 13% во 2021 година во однос на 2020 година. Во вкупните реализирани расходи во деловната 2021 година се вклучени и расходите од донации-амортизација 559 илјади денари добиени со грантот од страна на Европска Банка за обнова и развој (ЕБРД) за Проектот "Имплементација на дистрибутивниот систем-Портал на услуги на Депозитарот". Зголемувањето на реализацијата на вкупните расходи е резултат на зголемувањето на поделни трошковни ставки во рамките на вкупните реализирани расходи во деловната 2021 година.

Подетално подолу се презентирани сите видови реализирани расходи:

- Во 2021 година расходите за провизии и надоместоци главно се состојат од трошоци за банкарски провизии и истите изнесуваат 462 илјади денари. Расходите по овој основ во вкупните расходи учествуваат со 1,12%. Трошоците за провизии за банки покажуваат зголемување за 285 илјади денари или 162% процентен пораст во 2021 година во однос на 2020 година. Трошоците за банкарски провизии и надоместоци во однос на годишната планирана проекција покажуваат зголемување за 262 илјади денари или процентен пораст за 131% во однос на планираното ниво. Ваквото зголемување на банкарските провизии и надоместоци пред се се должи на новото тарифирање за плаќање на провизиите на Банките за годишното одржување на сефовите, како и провизиите за користењето на услугите на Порталот кој се на терет на Депозитарот.

- Вкупните реализирани трошоци на име плати и трошоци по колективен договор (регрес и друго) изнесуваат 18,347 милиони денари и во структурата на вкупните расходи учествуваат со 44,48%. Во вкупните реализираните трошоци на име трошоци за вработените се реализирани трошоците за бруто плати на вработените во износ од 13,026 милиони денари, бруто плата на извршниот директор во износ од 3,051 милиони денари, трошоци по основ на колективен договор на вработените (регрес за годишен одмор, јубилејна награда, здравствени прегледи, стручно оспособување) во износ од 677 илјади денари, вкалкулираната бруто награда на вработените во износ од 1,130 денари и бруто награда на извршниот директор во износ 463 илјади денари. Реализираните трошоци за вработените во однос на 2020 година покажуваат зголемување за 1,838 милиони денари или процентен пораст 11% во 2021 година (предоминантно поради користење на породилно отсуство на една вработена во 2020). Во однос на планираната проекција во финансикиот план вкупните реализирани трошоци на вработените покажуваат зголемување за 2,047 милиони денари или процентуален пораст од 13% (Трошоците за награди на извршниот директор и вработените не беа дел од финансискиот план за 2021 година бидејќи истите се неизвесни расходи кои се исплаќаат само доколку финансискиот план биде надминат, а врз основа претходна Одлука на Одборот на директори).

- Реализацијата на вкупниот трошок на амортизација изнесува 2,927 милиони денари во 2021 година. Вкупниот трошок на амортизација учествува во вкупните расходи 7,09%. Реализацијата на вкупниот трошок за амортизација покажува зголемување за 25 илјади денари, или 1% процентуален раст во 2021 година во однос на 2020 година. Во однос на планираната проекција вкупниот трошок на име амортизација покажува намалување за 247 илјади денари или процентуален пад за 8% во 2021 година во однос на планираната годишна проекција. Намалувањето на трошокот на амортизација е поради отписот на дел од материјалните и нематеријални вложувања заклучно со 2021 година

- Исправката на вредност на побарувањата од акционерски друштва во 2021 година изнесува 571 илјади денари. Исправката на вредност на побарувањата од акционерски друштва, како трошковна ставка учествува со 1,38% од вкупните расходи на Депозитарот за 2021 година. Во рамките на трошокот на име исправка на вредноста на побарувањата е редовната исправка на акционерски друштва кои доцнат во наплатата,

исправка на акционерски друштва во стечај, бришани акционерски друштва како и исправката на акционерски друштва за кои според утврдени критериуми е направено обезвреднување поради неизвесноста на нивните плаќања. Забележен е пад во реализацијата на горе спомнатиот трошок од 139 илјади денари, или процентуален пад од 20% во 2021 година во однос на 2020 година. Во однос на годишната планирана проекција реализираните трошоци на име отпис и исправка на ненаплатените побарувања покажуваат намалување од 229 илјади денари или 29% процентуален пад во 2021 година од планот. Намалувањето на трошокот на име отпис и исправка на ненаплатените побарувања се должи како резултат на повеќе наплатени побарувања во 2021 година , главно по основ на годишни членарини за 2019 и 2020 година. Стручните служби на Депозитарот постојано вршат мониторинг за наплата на ненаплатените побарувањата од страна на акционерските друштва, како и активности за нивна присилна наплата, но се во насока на намалувањето на трошокот на име отпис и исправка на ненаплатени побарувања.

Останатите расходи од дејност изнесуваат 18,944 милиони денари Вкупните останати расходи учествуваат со 45,94% од вкупните расходи на Депозитарот.

Во рамките на останатите расходи од дејност се јавуваат следните трошковни ставки:

- Трошокот за регулаторниот надоместок спрема КХВ за надзор на Депозитарот изнесува 9,422 милиони денари. Трошокот за надоместокот кон КХВ учествува со 22,84% во структурата на вкупните расходи. Во однос на останати расходи од дејност, надоместокот кој Депозитарот го плаќа кон КХВ учествува со 49,74% како најголем трошок во неговата структура. Реализираниот трошок-провизија на име регулаторниот надоместок спрема КХВ за надзор на Депозитарот покажува зголемување од 1,742 милиони денари или 23% процентуален раст во 2021 во однос на 2020 година. Во однос на годишната планирана проекција за 2021 година овој трошок покажува зголемување од 1,449 денари или 18% процентуален раст во 2021 година. Зголемувањето се должи на зголемена реализација на вкупни реализирани приходи од услуги по Тарифа на Депозитарот во 2021 година во однос на 2020 година.

- Материјалните и слични трошоци во 2021 година изнесуваат 1,852 милиони денари со учество од 4,49% во вкупните расходи. Во овие трошоци спаѓаат канцелариски материјал, трошоци за електрична струја, парно, гориво, вода, ѓубретарина, потрошен ситен инвентар, автогуми и амбалажа, одржување хигиена, материјални трошоци за заедничките служби во Комплексот згради НБРСМ, резервни делови, потрошен материјал, новини, списанија и стручна литература. Трошоците на име материјалните и слични трошоци во 2021 се зголемени за 429 илјади денари или процентуален раст од 30%, додека во однос на планираната проекција за 2021 година забележано е намалување за 774 илјади денари или процентуален пад од 29%.Трошоците на име материјални и слични торшоци се тесно поврзани со деловното работење на Депозитарот.

- Трошоците за услуги изнесуваат 3,495 милиони денари со учество од 8,47% во вкупните расходи. Во трошоците за услуги се трошковните ставки на име трошоци за сервисни услуги за деловни активности ,трошоци за поштенски, телефонски трошоци, трошоци за мобилна т-фонија, нотарски, адвокатски, консултански и интелектуални услуги, интернет услуги, комуникациски услуги, комунална такса, други непроизводни услуги, трошоци за плати за заеднички служби на НБРСМ, трошоците за финансиска ревизија и други. Во 2021 година кај трошоците за услуги е забележан пораст од 532 илјади денари или процентуален пораст од 18%, додека во однос на годишната планирана проекција е постигната 100% реализација, односно трошоците за услуги се во рамките на предвидената проекција за 2021 година.

- Трошоците за надомест за членови и бруто награда за 2021 година на Одбор на директори изнесуваат 1,755 милиони денари со учество од 4,26% од вкупните расходи. Во рамките на реализираните трошоци за членови на Одбор на директори се вкалкулирани трошоците по основ за месечен паушал, како и вкалкулираната бруто награда за 2021 година заради успешно завршена деловна година, а во согласност со Одлуката за исплата на награда на неизвршни членови на Одбор на директори на Собранието на акционери одржано на 22.05.2019 година.

- Реализираните трошоци за службени патувања во 2021 година, се минорни и изнесуваат 1 иљада денари со безначајно учество во вкупните расходи. Реализираниот трошок за службени патувања е реализиран со иста динамика на реализација во 2021 во однос на 2020 година. Реализираниот трошок за службени патувања покажува намалување од 179 иљади денари односно неговата реализација е помала од 2% во 2021 година во однос на годишната планирана проекција. Во 2021 година, воопшто не се реализирани трошоците за службените патувања, предвидени и планирани со Финансискиот план за 2021 година, а поради пандемијата на COVID-19.

- Вкупните реализирани трошоци за репрезентација, реклама, спонзорство и донации во 2021 година изнесуваат 648 иљади денари со учество од 1,57% во вкупните расходи. Во рамките на вкупните реализирани трошоци за репрезентација, реклама, спонзорство, и донации позначајни се реализираните трошоци за реклама поради одбележувањето на 20 години од основањето на Депозитарот. Вкупните трошоци по овие основи покажуваат зголемување од 40 иљади денари или 7% процентуален пораст во 2021 година во однос на 2020 година. Во однос на планираната проекција вкупните реализирани трошоци за репрезентација, реклама, спонзорство, донации и пропаганда се 98% реализирани, односно се во рамките на предвидената проекција за 2021 година.

- Реализираните трошоци на име осигурување во 2021 година изнесуваат 389 иљади денари, со учество од 0,94% во вкупните расходи. Во трошокот за осигурување влегува реализацијата на трошокот на име на осигурувањето на деловниот простор, опрема и мебел, менаџерско осигурување како и осигурување од професионална одговорност. Реализираните трошоци за осигурување покажуваат зголемување од 7 иљади денари, или процентуален пораст од 2% во 2021 година во однос на 2020 година. Реализацијата на трошокот за осигурување покажува зголемување од 7 иљади денари или 2% во 2021 година во поглед на годишната планираната проекција. Реализираните трошоци за осигурување не покажуваат значајни отстапувања како во поглед на нивната реализација во 2021 година во однос на 2020 година, така и во поглед на годишната планирана проекција.

- Реализацијата на другите трошоци во 2021 година изнесува 1.382 милиони денари, со учество од 3,35% од вкупните расходи. Овие расходи во најголем дел се направени по основ на плаќање членарини за Европска Асоцијација на Централни депозитари за хартии од вредност (ECSDA), Асоцијација на национални нумерички агенции (ANNA), членарина за бизнис картичка, судски и административни такси трошоци за набавка на еднократни лиценци поврзани со дистрибутивниот систем и заедничкиот ИТ центар со Македонската Берза и слично. Реализацијата на другите останати трошоци покажува намалување за 99 иљади денари или 7% процентен пад во 2021 година во однос на 2020 година. Во поглед на годишната планирана проекција реализацијата на други трошоци во 2021 покажува намалување од 77 иљади денари или процентуален пад од 5% во 2021 година.

* * *

Како резултат на остварени повисоки приходи од расходи, Депозитарот по Годишната сметка за 2021 година оствари добивка пред оданочување во износ од **12,737 милиони денари.**

Пресметаниот данок на добивка за 2021 година е пресметан во износ од **1,389 милиони денари** Нето добивката за деловната година за 2021 година изнесува **11,348 милиони денари.**

* * *

**Вкупната актива** на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје на 31.12.2021 година изнесува **119,194 милиони денари** Во структурата на активата најликвидните средства во износ од 93,577 милиони денари (паричните средства, како и депозити во банки орочени на 6(шест) до 12(дванаесет) месеци, со рок на разрочување од три дена во текот на 2021 година) учествуваат со 78,51%, што ја изразува финансиската стабилност на Депозитарот.

Учеството на материјалните и нематеријални средства од 17,499 милиони денари учествуваат со 14,68% од вкупната актива. Побарувањата од комитенти во голем дел произлегуваат од годишните членарини за водење на акционерските книги на акционерските друштва, побарувањата од приходи за порамнување на овластена берза за месец декември-2021 година како и од услугите извршени за Министерство за финансии на Република Северна Македонија (побарувања за годишниот надоместок за водењето на евиденцијата на долгорочни должнички хартии од вредност) кои се фактурирани на крајот од годината. Побарувањата од комитенти изнесуваат 7,531 милиони денари или 6,32% од вкупната актива.

Во рамките на вкупната актива се и следните ставки, вложување од 1(една) акција во АННА-Асоцијација на национални нумерички агенции во износ од 76 илјади денари, останати побарувања во вкупен износ од 126 илјади денари, во кои влегуваат побарувањата по основ на камати од орочени депозити, побарувања по основ на преземени материјални и нематеријални средства од стечајни постапки и ликвидации и др. Во билансна позиција одложени приходи и однапред платени трошоци во вкупен износ од 385 илјади денари влегуваат трошоци за претплати за новини и списанија како и трошоци за лиценци разграничени во период од 2020-2023 година.

**Вкупната пасива** на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје на 31.12.2021 година изнесува **119,194 милиони денари.** Вкупните обврски на 31.12.2021 година изнесуваат 5,316 милиони денари со учество од 4,46% во вкупната пасива. Во рамките на вкупните обврски се обврските спрема добавувачите кои изнесуваат 1,406 милиони денари, обврската за аконтација за декември 2021 година и доплата на данок на добивка по годишна сметка во износ од 520 илјади денари, данок на додадена вредност во износ од 631 илјади денари, обврски за пресметани провизии од банки 2 илјади денари, обврски за вкалкулирана бруто награда за 2021 година за членовите на Одбор на директори во износ од 439 илјади денари, обврските за вкалкулирана бруто награда за вработените во износ од 1,129 денари, обврската за вкалкулираната бруто награда за извршниот директор во износ од 463 илјади денари и др.останати обврски во износ од 34 илјада денари .Вкупните обврски по одложеното плаќање на трошоци и приходи во идни периоди изнесуваат 692 милиони денари, разграничени како трошоци на периодот до 2023 година.

Капиталот и резервите на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје на ден 31.12.2021 година изнесуваат 113,878 милиони денари со учество од 95,54% во вкупната пасива. Во рамките на капиталот и резервите запишаниот капитал изнесува

48.306 милиони денари, резервите 18.764 милиони денари, добивката за финансиската година 11,348 милиони денари и задржана добивка 35,459 милиони денари.

**Одбор на директори**

**Претседател**

**Гордана Дамеска**

# 11. Прилог 1

***Биланс на успех за период 01-01-31-12-2021 година***

| РБ | Приходи | 2020 | 2021 | Индекс 2021/2020 | Програма 2021 | Индекс 2021/План |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **Приходи од камати** | **681,164** | **566,566** | **83** | **600,050** | **94** |
| 2 | **Приходи од провизии и надоместоци** | **42,684,352** | **52,344,549** | **123** | **44,293,708** | **118** |
| | Надомест за прием на нови членки | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | Годишна членарина за членство на берзански посредници, членки ОТЦ и членки чувари | 1,110,688 | 814,681 | 73 | 1,060,020 | 77 |
| | Приходи од порамнување на овластена берза | 16,614,547 | 25,995,858 | 156 | 17,330,000 | 150 |
| | Надомест за иницијален пристап во системот на ЦДХВ за издавач на хартии од вредност | 112,000 | 128,000 | 114 | 112,000 | 114 |
| | Приходи од годишен надомест за водење на евиденција за акциите, годишен надомест за водење на сметки на сопствениците на акции, годишен надомест за водење на евиденцијата за акциите на издавач со пасивен статус | 13,862,229 | 13,461,068 | 97 | 14,057,707 | 96 |
| | Годишен надомест за водење на евиденција на ДХВ со кои се тргува и не се тргува на пазарот,како и годишен надомест за водење на сметки на сопственици на ДХВ | 2,209,461 | 2,256,418 | 102 | 2,219,981 | 102 |
| | Приходи од упис на емисии | 1,232,000 | 1,424,000 | 116 | 1,264,000 | 113 |
| | Приходи од правни лица за извршени услуги по Тарифа на ЦДХВ АД Скопје | 7,001,215 | 6,817,198 | 97 | 7,500,000 | 91 |
| | Приходи од физички лица лица за извршени услуги по Тарифа на ЦДХВ АД Скопје | 447,212 | 1,291,326 | 289 | 600,000 | 215 |
| | Приходи од увид и копија во акционерски книги по Тарифа на ЦДХВ АД Скопје | 95,000 | 156,000 | 164 | 150,000 | 104 |
| 3 | **Останати приходи од дејност** | **1,260,274** | **1,076,655** | **85** | **1,309,045** | **82** |
| | Приходи од донација | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | Приходи од амортизација од донација | 559,046 | 559,045 | 100 | 559,045 | 100 |
| | Други приходи од дејност | 701,228 | 517,610 | 74 | 750,000 | 69 |
| 4 | **Нето добивка од курсни разлики** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| | **Вкупни приходи** | **44,625,790** | **53,987,770** | **121** | **46,202,803** | **117** |

| РБ | Расходи | 2020 | 2021 | Индекс 2021/2020 | Програма 2021 | Индекс 2021/План |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | **Расходи од провизии и надоместоци** | **176,575** | **462,049** | **262** | **200,000** | **231** |
| | Провизии од банки | 176,575 | 462,049 | 262 | 200,000 | 231 |
| **2** | **Нето загуба од курсни разлики** | **0** | **0** | **0** | 0 | **0** |
| **3** | **Трошоци вработени** | **16,508,846** | **18,346,754** | **111** | **16,300,000** | **113** |
| **4** | **Амортизација** | **2,902,263** | **2,926,797** | **101** | **3,173,680** | **92** |
| **5** | **Исправка на вредност на побарувања** | **709,940** | **570,613** | **80** | **800,000** | **71** |
| **6** | **Останати расходи од дејност** | **16,316,058** | **18,944,468** | **116** | **18,452,373** | **103** |
| | Материјални и слични трошоци | 1,423,295 | 1,851,926 | 130 | 2,626,500 | 71 |
| | Трошоци услуги | 2,963,027 | 3,494,963 | 118 | 3,504,200 | 100 |
| | Провизија за КХВ | 7,680,021 | 9,421,929 | 123 | 7,972,867 | 118 |
| | Одбор на директори | 1,777,806 | 1,755,582 | 99 | 1,777,806 | 99 |
| | Трошоци за службени патувања | 1,244 | 1,065 | 86 | 70,000 | 2 |
| | Трошоци за репрезентација,реклама, спонзорство, донации и пропаганда | 608,139 | 647,928 | 107 | 660,000 | 98 |
| | Осигурување | 381,636 | 388,779 | 102 | 382,000 | 102 |
| | Други трошоци | 1,480,890 | 1,382,296 | 93 | 1,459,000 | 95 |
| | Расходи од донации | 0 | 0 | н/а | 0 | н/а |
| **7** | **Вкупни расходи** | **36,613,682** | **41,250,681** | **113** | **38,926,053** | **106** |
| ***8*** | ***Добивка пред оданочување*** | ***8,012,108*** | ***12,737,089*** | ***159*** | ***7,276,750*** | ***175*** |
| ***9*** | ***Загуба пред оданочување*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** |
| ***10*** | ***Данок од добивка*** | ***907,644*** | ***1,388,733*** | ***153*** | ***0*** | ***н/а*** |
| ***11*** | ***Добивка за финансиската година*** | ***7,104,464*** | ***11,348,356*** | ***160*** | ***0*** | ***н/а*** |
| ***12*** | ***Загуба за финанската година*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** |

## *Биланс на состојба на ден 31-12-2021 година*

**АКТИВА**

| Назив на позиција | 2020 | 2021 | Индекс 2021/2020 |
|---|---|---|---|
| **1.Парични средства и парични еквиваленти** | **2,670,749** | **3,301,857** | **124** |
| **2.Кредити и депозити и побарувања од банки и комитенти** | **85,622,078** | **97,806,257** | **114** |
| Депозити | 78,220,984 | 90,275,375 | 115 |
| Вложувања расположливи за продажба | 0 | 0 | 0 |
| Побарувања од комитенти | 7,401,094 | 7,530,882 | 102 |
| **3.Вложувања во банки** | **76,471** | **76,471** | **100** |
| **4.Нематеријални средства** | **1,837,138** | **1,208,709** | **66** |
| 4а.Нематеријални средства | 1,837,138 | 1,208,709 | 66 |
| 4б.Нематеријални средства во подготовка | 0 | 0 | 0 |
| **5.Материјални средства** | **16,365,810** | **16,289,979** | **100** |
| 5а.Материјални средства | 16,365,810 | 16,289,979 | 100 |
| 5б. Материјални средства во подготовка | 0 | 0 | 0 |
| 5в.Останати материјални средства | 0 | 0 | 0 |
| **6.Останати средства/Побарувања** | **374,220** | **126,218** | **34** |
| 6а.Побарувања од данок на добивка | 186,434 | 0 | 0 |
| 6б.Останати Побарувања | 187,786 | 126,218 | 67 |
| **7.Одложени приходи и однапред платени трошоци** | **699,401** | **384,783** | **55** |
| **ВКУПНА АКТИВА** | **107,645,867** | **119,194,274** | **111** |

**ПАСИВА**

| Назив на позиција | 2020 | 2021 | Индекс 2021/2020 |
|---|---|---|---|
| **1.Обврски** | **5,116,316** | **5,316,367** | **104** |
| 1а.Останати обврски | 1,266,486 | 1,406,096 | 111 |
| 1б.Обврски по данок на добивка | 93,338 | 519,645 | н/а |
| 1в.Одложено плаќање на трошоци и приходи во идни периоди | 3,756,492 | 3,390,626 | 90 |
| **2.Капитал и резерви** | **102,529,551** | **113,877,907** | **111** |
| 2а.Запишан капитал | 48,305,935 | 48,305,935 | **100** |
| 2б.Резерви | 18,764,156 | 18,764,156 | **100** |
| 2в.Добивка за финансиската година | 7,104,464 | 11,348,356 | **160** |
| 2г.Загуба за финансиката година | 0 | 0 | **0** |
| 2в.Задржана добивка | 28,354,996 | 35,459,460 | 125 |
| **ВКУПНА ПАСИВА** | **107,645,867** | **119,194,274** | **111** |

# 12. Прилог 2

**Евидентирани нови акционерски друштва во системот на ЦДХВ во 2021 година**

| Назив | Емисија | Регистрација во системот на ЦДХВ | Број на новоиздадени хартии од вредност | Вкупна вредност на емисијата |
|---|---|---|---|---|
| ДРУШТВО ЗА СПОРТСКИ ДЕЈНОСТИ РАКОМЕТЕН КЛУБ ГОЛДЕН АРТ-КЛ7 СКОПЈЕ АД СКОПЈЕ | ОСНОВАЧКИ АКЦИИ | 27.01.2021 | 1.000 ОБИЧНИ АКЦИИ | 25..000 ЕУР |
| АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ФУДБАЛСКИ КЛУБ БАШКИМИ 1947 КУМАНОВО | ОСНОВАЧКИ АКЦИИ | 19.02.2021 | 100 ОБИЧНИ АКЦИИ | 25.000 ЕУР |
| ДРУШТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА, ИНВЕСТИЦИИ И СОВЕТОДАВНИ УСЛУГИ ОПФОЛИО АД СКОПЈЕ | ОСНОВАЧКИ АКЦИИ | 30.03.2021 | 10.000 ОБИЧНИ АКЦИИ | 1.000.000 ЕУР |
| АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО, ТРГОВИЈА И УСЛУГИ СИНЦЕРИТАС АД СКОПЈЕ | ОСНОВАЧКИ АКЦИИ | 21.04.2021 | 2.720.000 ОБИЧНИ АКЦИИ | 2.720.000 ЕУР |
| ДРУШТВО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ИНВЕСТИЦИСКИ ФОНДОВИ ВЕГА ФОНДОВИ АД СКОПЈЕ | ОСНОВАЧКИ АКЦИИ | 09.07.2021 | 13.000 ОБИЧНИ АКЦИИ | 130.000 ЕУР |
| ДРУШТВО ЗА ГРАДЕЖНИШТВО БЕТОН-ТРЕЈД ИЗВОЗ-УВОЗ АД СКОПЈЕ | ОСНОВАЧКИ АКЦИИ | 23.7.2021 | 38.070 ОБИЧНИ АКЦИИ | 3.807.000 МКД |
| ДРУШТВО ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ ВО ОСИГУРУВАЊЕТО ПРОТЕКТОР АД ПРИЛЕП | ОСНОВАЧКИ АКЦИИ | 20.8.2021 | 1.500 ОБИЧНИ АКЦИИ | 15.000 ЕУР |
| ДРУШТВО ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ ВО ОСИГУРУВАЊЕТО ПРО-ИНС АД СКОПЈЕ | ОСНОВАЧКИ АКЦИИ | 20.9.2021 | 100 ОБИЧНИ АКЦИИ | 930.000 МКД |

## Евидентирани нови емисии на постојни акционерски друштва во системот на ЦДХВ во 2021 година

| Назив | Емисија | Регистрација во системот на ЦДХВ | Број на новоиздадени хартии од вредност | Вкупна вредност на емисијата |
|---|---|---|---|---|
| ГЕНЕРАЛИ ИНВЕСТМЕНТС АД СКОПЈЕ | 5-ТА ЕМИСИЈА ПРИВАТНА ПОНУДА | 08.01.2021 | 24.074 ОБИЧНИ АКЦИИ | 240.740 ЕУР |
| АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ГРАВЕ НЕЖИВОТ СКОПЈЕ | 5-ТА ЕМИСИЈА ПРИВАТНА ПОНУДА | 11.03.2021 | 1.500 ОБИЧНИ АКЦИИ | 1.500.000 ЕУР |
| ХАЛК БАНКА АД - СКОПЈЕ | 18-ТА ЕМИСИЈА-ПРИВАТНА ПОНУДА | 29.04.2021 | 123.000 ОБИЧНИ АКЦИИ | 1.230.000.000 МКД |
| НЕР АД СКОПЈЕ | 9-ТА ЕМИСИЈА – ПРИВАТНА ПОНУДА | 14.05.2021 | 22.692 ОБИЧНИ АКЦИИ | 2.269.200 ЕУР |
| МАКЕДОНСКА БАНКА ЗА ПОДДРШКА НА РАЗВОЈОТ | - | 27.05.2021 | 59.546 ОБИЧНИ АКЦИИ | 185.068.968 МКД |
| ВФП ФОНД МЕНАЏМЕНТ АД СКОПЈЕ | ВТОРА ЕМИСИЈА | 15.06.2021 | 375.000 ОБИЧНИ АКЦИИ | 375.000 ЕУР |
| КРОАЦИЈА ОСИГУРУВАЊЕ-НЕЖИВОТ АД СКОПЈЕ | 4-ТА ЕМИСИЈА – ПРИВАТНА ПОНУДА | 30.06.2021 | 5.800 ОБИЧНИ АКЦИИ | 580.000 ЕУР |
| ДРУШТВО ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД СКОПЈЕ | ШЕСТА ЕМИСИЈА-ПРИВАТНА ПОНУДА | 01.07.2021 | 200.000 ОБИЧНИ АКЦИИ | 2.000.000 ЕУР |
| ШПАРКАСЕ БАНКА МАКЕДОНИЈА АД СКОПЈЕ | 20-ТА ЕМИСИЈА | 19.07.2021 | 1.054.681 ОБИЧНИ АКЦИИ | 2.815.998.270 МКД |
| ДРУШТВО ЗА ТРГОВИЈА И УСЛУГИ ЕНЕРЏИ ДЕЛИВЕРИ СОЛУШНС АД СКОПЈЕ | 2 ЕМИСИЈА-ПРИВАТНА ПОНУДА | 05.8.2021 | 370.000 ОБИЧНИ АКЦИИ | 3.700.000 ЕУР |
| ДРУШТВО ЗА ИНВЕСТИЦИИ НОРМАК ИНВЕСТМЕНТ ГРОУП АД ТЕТОВО | 3 ЕМИСИЈА-ПРИВАТНА ПОНУДА | 01.9.2021 | 15.000 ОБИЧНИ АКЦИИ | 750.000 ЕУР |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ДРУШТВО ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД СКОПЈЕ | СЕДМА ЕМИСИЈА-ПРИВАТНА ПОНУДА | 20.10.2021 | 300.000 ОБИЧНИ АКЦИИ | 3.000.000 ЕУР |
| АД ЗА ПРОИЗВОДСТВО ТРГОВИЈА И УСЛУГИ СИНЦЕРИТАС АД СКОПЈЕ | 2 ЕМИСИЈА-ПРИВАТНА ПОНУДА | 30.12.2021 | 81.500 ОБИЧНИ АКЦИИ | 81.500 ЕУР (номинална вредност) 896.500 ЕУР (продажна вредност) |

Евидентирани стечаи над акционерски друштва во системот на ЦДХВ во 2021 година

| |
|---|
| ДОЈРАН АД НОВ ДОЈРАН |
| АГД ИЛИНДЕН СКОПЈЕ |
| АДГ АБ АД СКОПЈЕ |
| РЖ ИНСТИТУТ АД СКОПЈЕ |
| БЕТОН СТРУМИЦА АД СТРУМИЦА |
| МАКЕДОНСКА КНИГА АД СКОПЈЕ |
| ПРОЛУКС АД ВЕЛЕС |

Акционерски друштва кои во 2021 година се повлечени во историската база на податоци на ЦДХВ заради преобразба.

| |
|---|
| АГРОПЛОД АД РЕСЕН |
| МОНТАНА БИЗНИС АД КРУШЕВО |

Акционерски друштва кои во системот на ЦДХВ во 2021 година се евидентирани дека се бришани во Ц.Р.

| |
|---|
| ИЛИРИКА ФМ АД СКОПЈЕ |
| ТЕЛЕФОНМОНТАЖА-ИНЖЕНЕРИНГ АД СКОПЈЕ |
| ЦЕНТРАЛ СИТИ ИНВЕСТМЕНТ ГРУП АД СКОПЈЕ |
| ГЛС ОСИГУРУВАЊЕ АД СКОПЈЕ |
| АТОМ АД СКОПЈЕ |
| ОХРИДСКА БАНКА АД СКОПЈЕ |

Акционерски друштва кои во системот на ЦДХВ во 2021 година се евидентирани дека се во ликвидација.

| |
|---|
| ГРК БОРЕЦ АД ВЕЛЕС |
| ДАУТИ МИЛК АД СКОПЈЕ |

Акционерски друштва кои во 2021 година кои се активирани во системот на ЦДХВ заради излегување од стечај со план за реорганизација на друштвото, укинато решение за стечај, или укинато решение за бришење од Ц.Р.

| |
|---|
| - |

Акционерски друштва кои во 2021 година издале корпоративни обврзници.

| |
|---|
| - |

Акционерски друштва кои во 2021 година извршиле намалување на основна главнина на друштвото.

| |
|---|
| ЗК ПЛАСНИЦА АД ПЛАСНИЦА |
| КАПИТАЛ БАНКА АД СКОПЈЕ |

Акционерски друштва кои во 2021 година извршиле поништување на сопствени акции со зголемување на номинална вредност на акциите.

| |
|---|
| ИНТЕРПРОМЕТ АД ТЕТОВО |

Акционерски друштва кои во 2021 година извршиле конверзија на номинална вредност на акции од ДЕМ во МКД.

| |
|---|
| ЗК ПЛАСНИЦА АД |